Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 октомври 2024 година

Скопје, октомври 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 октомври 2024 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, Ален Деребан, заменик на министерот за правда, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, како и Бобан Николовски, директор на Министерство за финансии – Царинска управа.

Од седницата отсуствуваа Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците,

Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за судска постапка заведена пред Основен граѓански суд Скопје под XVII П1-222/22 по тужба на тужителот Бранко Левајковски од Скопје против првотужен Република Северна Македонија Влада на Република Северна Македонија и второтужен Република Северна Македонија, за утврдување на право на сопственост, вредност на спорот 2.600.000,00 денари, по повод доставен Поднесок од тужителот Бранко Левајковски од Скопје, за повлекување на тужбата спрема првотужениот Република Северна Македонија Влада на Република Северна Македонија

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите

3. Предлог - уредба за спроведување на постапката за вработување на административни службеници

4. Информација за потребата од дополнување на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија 2021-2025 со нови правни акти кои се усогласуваат со правото на Европската Унија

5. Информација за тековни предмети пред Европскиот суд за човекови права, апликации бр. 34261/23 и 7877/24 Владимир Талески против Северна Македонија и Миле Јанакиески и Коста Митровски против Северна Македонија

6. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Влаисављевиќ против Северна Македонија А.бр. 23215/21, со Предлог – одлука

7. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Митревска против Северна Македонија А.бр. 20949/21, со Предлог-одлука

8. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Соња Налбанти-Димоска против Северна Македонија А.бр. 54213/20 и три други апликации против Северна Македонија

9. Информација за потребата на доделување на Амандман бр.3 кон Договорот за набавка на лесни оклопни возила на тркала Stryker, MK-B-UCE, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави, со усогласен текст на Амандман бр.3

10. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „WISE WOLF 24“, со Предлог - одлука

11. Информација за потребата од доделување на Амандман бр.2 за измена на Налогот за исплата бр.1 кон Рамковниот договор, склучен помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и MBDA од Република Франција, во врска со набавката на батерија ПВО со многу мал дострел (VSHORAD, со усогласен текст на Амандман бр.2

12. Информација за подготовка на извештај за спроведување на Акцискиот план 2021-2023 на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026, за периодот јануари 2021 – јуни 2023 година, со текст на Извештај

13. Информација за подготовка на акциски план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026, за периодот 2024-2026, со текст на Акциски план

14. Информација за активностите преземани од Владата на Република Северна Македонија за отстранување и уништување на експлозивни и опасни материи, во врска со барањето на „Макпетрол“-Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати

15. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправна установа Затвор - Охрид

16. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „DYNAMIC FRONT 25“, во Сојузна Република Германија

17. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за образување на Национална комисија за мало и лесно оружје

18. Предлог-уредба за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок-дотации за јавните установи за социјална заштита - домови за стари лица за 2025 година

19. Предлог-уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба за блок-дотации за јавните установи за деца-детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2025 година

20. Предлог-уредба за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок-дотации за основното образование по општини за 2025 година

21. Предлог-уредба за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2025 година

22. Предлог-уредба за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок-дотации за средното образование по општини и Градот Скопје за 2025 година

23. Информација за потребни услови за воспоставување на Управа за водење на регистар на задолжително социјално осигурување (РЗСО)

24. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кочани за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на оториноларингологијата

25. Предлог на на закон за дополнување на Законот за шумите, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

26. Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021 - 2025 на Државната комисија за српечување на корупција, за периодот 1.1.2023 – 31.12.2023 година

27. Годишен  извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2023 година

28. Годишен извештај за реализирани активности за 2023 година и Годишниот извештај за финансиското работење за 2023 година на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата

29. Извештај за работата на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јули 2023 - јуни 2024 година и Програма за работа на Националниот совет за високо образование и научно - истражувачка дејност за периодот јули 2024 - јуни 2025 година

30. Извештај на ректорот за работата на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“, Охрид, за периодот мај 2023 - мај 2024 година

31. Барање за давање на автентично толкување на член 26 точка 4) од Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија, поднесено од градоначалникот на Општина Пробиштип

32. Иницијатива од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.155/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 141 став (4) во делот „или ако постои реципроцитет" и член 143 во делот „или ако постои реципроцитет" од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22 и 79/23)

33. Иницијатива од Ристо Говски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.188/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 101-в став (4) и член 101-з став (3) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 55/24)

34. Иницијатива од Здравко Тумбовски од Радовиш, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.196/24 за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 115, 116 и 117 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22 и 79/23)

35. Иницијатива поднесена од Оливер Давидовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.111/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 31 став 3 од Законот за медијација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.294/21)

36. Иницијатива од Светски македонски конгрес, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.97/2024, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 222 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/20) и член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21)

37. Барање за заштита на слободите и правата од Глигорие Ќатоски од Струга, доставено до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.108/2024 за заштита на слободите и правата утврдени во член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија врз основа на национална и социјална припадност

38. Кадровски прашања

39. Прашања и предлози

40. Информација за реализираните активности за времено згрижените лица и создадените можности за самостојно домување (за период од 1.1.2023 до 31.12.2023 година)

41. Информација за тековен предмет пред Европскиот суд за човекови права во случајот Никола Груевски против Република Северна Македонија, Апликација бр. 15902/21

42. Информација за подготовка на извештај од спроведената функционална анализа во Министерството за локална самоуправа, со Извештај од спроведената функционална анализа во Министерството за локална самоуправа

43. Шестмесечен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јули – декември 2023 година

44. Годишен извештај за работата на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам во 2023 година

45. Годишен извештај за работата на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти за 2023 година (Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти)

46. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на гаражно паркинг место и Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на гаражно паркинг место наменето за продажба (паркинг место бр.90)

47. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (ул.„Лука Геров“ бр.50/4-17 – Скопје)

48. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (ул.„Фрањо Клуз“ бр.3 - стан бр.1)

49. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (ул.„Фрањо Клуз“ бр.3 - стан бр.4)

50. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на гаражно паркинг место и Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на гаражно паркинг место наменето за продажба (паркинг место бр.89)

51. Информација за реализација на втор дел од заемот од Програмата за обновливи извори на енергија на АД ЕСМ – Енергетска транзиција во износ од 55 милиони евра, за потребите на Компонента II: проект - Фотоволтаична електроцентрала (ФЕ) Битола 2 со инсталирана моќност од најмалку 50MW во кругот на РЕК Битола и финансиски средства со кои би се обезбедило дополнително финансирање на Компонента III: проект - Парк на ветерни електрани Богданци - фаза II

52. Информација во врска со одржување на седница на Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажана за 4 ноември 2024 година

53. Предлог на буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

54. Предлог на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, по скратена постапка

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за судска постапка заведена пред Основен граѓански суд Скопје под XVII П1-222/22 по тужба на тужителот Бранко Левајковски од Скопје против првотужен Република Северна Македонија Влада на Република Северна Македонија и второтужен Република Северна Македонија, за утврдување на право на сопственост, вредност на спорот 2.600.000,00 денари, по повод доставен Поднесок од тужителот Бранко Левајковски од Скопје, за повлекување на тужбата спрема првотужениот Република Северна Македонија Влада на Република Северна Македонијаи го прифати повлекувањето на тужбата на тужителот Бранко Левајковски од Скопје спрема првотужениот Република Северна Македонија Влада на Република Северна Македонија во судска постапка заведена пред Основен граѓански суд Скопје под XVII П1-222/22 по доставениот Поднесок од тужителот со приемен штембил на судот од 26.4.2024 година.

**Точка 2**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереник Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии.

Истовремено Владата заклучи:

1. Се задолжува Министерството за финансии и Царинската управа да направат сеопфатна анализа за можностите за намалување на царинската стапка за увоз на литиум-јонски батерии за складирање на електрична енергија и за истото до Владата да достават соодветен предлог.

2. Се задолжува Министерството за финансии и Царинската управа да направат сеопфатна анализа за можностите за зголемување на царинската стапка за увоз на млеко и млечни производи (полупроизводи), со цел заштита на домашното производство на млеко и млечни производи и за истото до Владата да достават соодветен предлог.

3. Се задолжува Царинската управа да ги разгледа можностите за изнаоѓање на законско решение за контрола на количините на нафта и нафтени деривати од Солун, Република Грција до рафинеријата ОКТА во Скопје со цел започнување на дистрибуција на нафта и нафтени деривати, преку нафтоводот надвор од границата на Република Северна Македонија.

4. Се задолжува Царинската управа да ја зајакне контролата на квалитетот на минерални суровини (мермер) при извоз од Република Северна Македонија, со оглед дека некои компании минеалната суровина при извоз ја декларираат со пониска класа, а всушност се извезува минерална суровина со повисок квалитет.

## Точка 3

Владата ја донесе Уредбата за спроведување на постапката за вработување на административни службеници.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од дополнување на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија 2021-2025 со нови правни акти кои се усогласуваат со правото на Европската Унија, ја усвои и го овласти министерот за европски прашања, врз основа на добиено барање за внесување на правен акт во базата на НПАА, а согласно доставените аргументи, да процени и одлучи по истото, по што, доколку актот се внесе во базата, генерираниот ЕПП број да се достави до надлежната институција.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за тековни предмети пред Европскиот суд за човекови права, апликации бр. 34261/23 и 7877/24 Владимир Талески против Северна Македонија и Миле Јанакиески и Коста Митровски против Северна Македонија, ја усвои и го задолжи владиниот агент да го извести Европскиот суд за човекови права дека Владата нема да ја користи можноста за спогодување во тековните предмети пред Европскиот суд за човекови права, А. бр. 34261/23 и 7877/24 Владимир Талески против Северна Македонија и Миле Јанакиески и Коста Митровски против Северна Македонија.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Влаисављевиќ против Северна Македонија А.бр. 23215/21, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (во вкупен износ од 1.400 евра во денарска противвредност, кои треба да бидат исплатени, најдоцна до 13 декември 2024 година).

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Митревска против Северна Македонија А.бр. 20949/21, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Соња Налбанти-Димоска против Северна Македонија А.бр. 54213/20 и три други апликации против Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за спогодбено решавање на предметите Соња Налбанти-Димоска против Северна Македонија А.бр. 54213/20 и три други апликации против Северна Македонија.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на апликантите ќе им исплати вкупен износ од 3.850 евра во денарска противвредност или поединечно, на апликантката Соња Налбанти-Димоска, А.бр.543213/20 износ од 650 евра, на апликантот Коста Стојановски, А.бр. 22024/21 износ од 1.000 евра, на апликантката

Надица Спасовска, А. бр. 28792/21 износ од 1.000 евра и на апликантката Маја Серафимовска, А. бр. 38983/21 износ од 1.200 евра, сите во денарска противвредност за нематеријална штета и трошоци.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите во случаите пред Европскиот суд за човекови права кои се предмет на оваа информација, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање пред Европскиот суд за човекови права, да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права, на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата  за потребата на доделување на Амандман бр.3 кон Договорот за набавка на лесни оклопни возила на тркала Stryker, MK-B-UCE, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави, со усогласен текст на  Амандман бр.3 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го утврди усогласениот текст на Амандманот бр.3 кон Договорот за набавка на лесни оклопни возила на тркала Stryker, MK-B-UCE, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави.

2. Се овластува Елизабета Чуповска-Ристова, државен секретар во Министерството за одбрана, да го потпише Амандманот бр.3 кон Договорот за набавка на лесни оклопни возила на тркала Stryker, MK-B-UCE, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави.

3.Се задолжува Министерството за одбрана во име на Владата на Република Северна Македонија пред потпишување на Амандманот бр.3 кон Договорот за набавка на лесни оклопни возила на тркала Stryker, MK-B-UCE, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави, да ја информира Комисијата за одбрана и безбедност во Собранието на Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за одбрана усогласениот текст на Амандманот бр.3 кон Договорот за набавка на лесни оклопни возила на тркала Stryker, MK-B-UCE, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави да го достави до Владата и на македонски јазик.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „WISE WOLF 24“, со Предлог - одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „WISE WOLF 24“.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерство за финансии – Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во координација со Министерството за одбрана, да преземат мерки, согласно своите надлежности утврдени со закон за непречено преминување на државната граница и ослободување од процедури за движење и транспорт на персонал и материјално - технички средства, на странските вооружени сили на земјите учеснички на територијата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерство за финансии – Царинската управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, да одредат по едно лице, за координација со Министерството за одбрана, во врска со преземање на активностите за подготовка за изведување на вежбата и за истото во рок од три дена да го известат Министерството за одбрана.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од доделување на Амандман бр.2 за измена на Налогот за исплата бр.1 кон Рамковниот договор, склучен помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и MBDA од Република Франција, во врска со набавката на батерија ПВО со многу мал дострел (VSHORAD, со усогласен текст на Амандман бр.2 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го утврди усогласениот текст на Амандманот бр.2 за измена на Налогот за исплата бр.1 кон Рамковниот договор, склучен помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и MBDA од Република Франција, во врска со набавката на батерија ПВО со многу мал дострел (VSHORAD).

2. Се овластува Елизабета Чуповска-Ристова, државен секретар во Министерството за одбрана, да го потпише Амандманот бр.2 за измена на Налогот за исплата бр.1 кон Рамковниот договор, склучен помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и MBDA од Република Франција, во врска со набавката на батерија ПВО со многу мал дострел (VSHORAD).

3. Се задолжува Министерството за одбрана во име на Владата на Република Северна Македонија пред потпишување на Амандманот бр.2 за измена на Налогот за исплата бр.1 кон Рамковниот договор, склучен помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и MBDA од Република Франција, во врска со набавката на батерија ПВО со многу мал дострел (VSHORAD), да ја информира Комисијата за одбрана и безбедност во Собранието на Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за одбрана усогласениот текст на Амандманот бр.2 за измена на Налогот за исплата бр.1 кон Рамковниот договор, склучен помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и MBDA од Република Франција, во врска со набавката на батерија ПВО со многу мал дострел (VSHORAD) да го достави до Владата и на македонски јазик.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на извештај за спроведување на Акцискиот план 2021-2023 на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026, за периодот јануари 2021 – јуни 2023 година, со текст на Извештај, ја усвои Информацијата и го прифати Извештајот за спроведување на Акцискиот план 2021-2023 на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 за периодот 2021-2023 година.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на акциски план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026, за периодот 2024-2026, со текст на Акциски план, ја усвои Информацијата и го прифати Акцискиот план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026, за периодот 2024-2026 година.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за активностите преземани од Владата на Република Северна Македонија за отстранување и уништување на експлозивни и опасни материи, во врска со барањето на „Макпетрол“-Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати, ја усвои и ги задолжи Министерството за внатрешни работи, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за здравство, Министерството за одбрана и Дирекцијата за заштита и спасување, во рок од 14 дена, во рамките на своите надлежности да ги разгледаат сите можности и да предложат решение со конкретни рокови по поднесеното барање од Макпетрол АД Скопје (со архивски број 0302-577/1 од 25.4.2024 година) и ЛИДЛ Северна Македонија ДООЕЛ Скопје (со архивски број 03-643/1 од 26.4.2024 година) и за истото да ја известат Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправна установа Затвор - Охрид.

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „DYNAMIC FRONT 25", во Сојузна Република Германија.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за образување на Национална комисија за мало и лесно оружје.

**Точка 18**

Владата ја донесе Уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок-дотации за јавните установи за социјална заштита - домови за стари лица за 2025 година.

**Точка 19**

Владата ја донесе Уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба за блок-дотации за јавните установи за деца-детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2025 година.

**Точка 20**

Владата ја донесе Уредбата за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок-дотации за основното образование по општини за 2025 година.

**Точка 21**

Владата ја донесе Уредбата за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2025 година.

**Точка 22**

Владата ја донесе Уредбата за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок-дотации за средното образование по општини и Градот Скопје за 2025 година.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за потребни услови за воспоставување на Управа за водење на регистар на задолжително социјално осигурување (РЗСО), ја усвои Информацијата и го задолжи Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади да го свика Советот за следење на имплементацијата на Проектот за администрирање на социјалното осигурување и да го информира за сите досега преземени активности и следни чекори за воспоставување на регистар на задолжително социјално осигурување, најдоцна до 15 ноември 2024 година.

## Точка 24

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кочани за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од обласата на оториноларингологијата.

## Точка 25

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за шумите, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Со член 1 од Предлогот на закон за дополнување на Законот за шумите се предлага во член 13 по ставот (2) да се додаде нов став (3), кој би гласел:

„Забранета е било каква урбанизација, градење на објекти, поставување фотоволтаични централи и сеча на дрвја на земјиште чија површина била зафатена со шумски пожар во наредните 50 години по гасењето на пожарот“.

Во објаснувањето на содржината на одредбите на Предлогот на закон, во ставот 2 е наведено дека со членот 1 се врши дополнување на членот 13, односно се додава став (3) кој има за цел дополнување на законските услови за одржливо стопанисување со шумите преку воведување на нова забрана, односно на воведување забрана за градење на објекти и сеча на дрвја на земјиште чија површина била зафатена со шумски пожар во период од 50 години по гасењето на пожарот. Со ваквата одредба освен што се штитат и чуваат шумите како природно богатство, се создаваат услови за ревитализација на опожарените шумски појаси, а пред се се дестимулира подметнување на шумски пожари.

Се укажува дека урбанизација, градење на објекти, поставување фотоволтаични централи, без извршување на трајна пренамена не е можна, а истото е забранетo со одредба од член 13 став (1) алинеи 1 и 2.

Кога може да се изврши трајна пренамена на шума и шумско земјиште е определено со одредбите од член 14, како и на кои видови шумско земјиште и шума може да се изврши трајна пренамена, став 4 од истиот член.

Опожарувањето шума и шумско земјиште не претставува причина за вршење на трајна пренамена на истата, а со тоа последователно и урбанизација, градење на објекти или фотоволтаици, ниту за тоа постои законски основ.

Со Предлогот на закон е предложено и забрана за сеча на дрвја што е апсолутно неразумно бидејќи дрвјата кои се опожарени, биолошки, се мртви организми и истите е потребно да се отстранат од опожарената површина за да се овозможи ревитализација на опожарените површини по природен и вештачки пат. Опожарените дрвја, бидејќи се мртви организми не можат да ги извршуваат функциите на шумите кои се истакнати во член 9 од Законот за шумите и забраната за сеча како е предложено води кон понатамошна деградација и дефорестација на површините под шума без можност за нивна обнова. Комерцијалниот аспект, исто така, е негативен затоа што опожарената дрвна маса освен за огрев нема друга употребна вредност.

Законот за шумите во членот 22 предвидува задолжителна обврска за сопствениците и корисниците на шуми на сите површини кои се обесшумени, вклучително и опожарени површини, обврски за санирање на обесшумени површини, каде спаѓаат и опожарените површини под шума и мора да извршат пошумување во рок од две години од настанување на обесшумувањето.

Од горенаведените причини, Владата на Република Северна Македонија, дава негативно мислење и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Предлогот на закон за дополнување на Законот за шумите, по скратена постапка, поднесен од страна на група на пратеници.

## Точка 26

Владата го одложи од разгледување Годишниот извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 на Државната комисија за српечување на корупција, за периодот 1.1.2023 – 31.12.2023 година, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за правда во соработка со сите министерства, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владатата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и Секретаријатот за законодавство да подготви заедничко (обединето) мислење, кое претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

За таа цел, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владатата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Министерството за надворешни работи и за надворешна трговија, Министерството за економија и труд, Министерството за здравство, Министерството за култура и туризам, Министерството за спорт, Министерството за јавна администрација, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за европски прашања да доставaт мислење до Министерството за правда.

**Точка 27**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2023 година, доставен до Владата на Република Северна Македонија за информирање, согласно член 16 став (3) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19) и по истиот нема забелешки.

**Точка 28**

Владата го разгледа Годишниот извештај за реализирани активности за 2023 година и Годишниот извештај за финансиското работење за 2023 година на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 374, став (4) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15, 226/15, 55/16,11/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 302/20, 122/21 и 33/24), Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата до Собранието на Република Северна Македонија доставува финансиски извештај и извештај за реализираните активности од Годишната програма.

Владата на Република Северна Македонија нема забелешки во однос на Годишниот извештај за реализирани активности на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2023 година, а во однос на Финансискиот извештај за реализирани активности на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2023 година не може да се произнесе по истиот од причини што нема увид во приходите и расходите на паричните средства на Републичкиот совет.

**Точка 29**

Владата ги разгледа Извештајот за работата на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јули 2023 - јуни 2024 година и Програмата за работа на Националниот совет за високо образование и научно - истражувачка дејност за периодот јули 2024 - јуни 2025 година и притоа го утврди следното мислење:

Извештајот се доставува во функција на реализирање на законската обврска утврдена согласно член 43 став (2) точка 1 од Законот за високо образование* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 и 58/24), според кој Националниот совет за високо образование и научно - истражувачка дејност го следи развојот на високото образование и неговата усогласеност со европските и меѓународните стандарди за што еднаш годишно поднесува извештај до Собранието на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија со предлог-мерки, решенија и препораки за подобрување на високообразовната дејност.

Програмата за работа на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачката дејност за периодот јули 2024 - јуни 2025 година, е согласно член 43 став (2) точка 13 од Законот за високото образование*, според кој Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност донесува, меѓу другото, годишна програма за работа.

Извештајот за работата на Националниот совет за високо образование и научно - истражувачка дејност за периодот јули 2023 - јуни 2024 година претставува ретроспектива на реализираните активности за периодот од јули 2023 - јуни 2024 година, а во Програмата се прикажани и планираните активности за периодот јули 2024 - јуни 2025 година.

Владата цени дека сите активности и документи кои ги носи Националниот совет се во насока на подобрување на квалитетот во високото образование, науката и истражувањето и истите се во согласност со стратешките определби на Владата.

Исто така, како позитивно се цени и тоа што Извештајот содржи и информации за развојот на високото образование и развојот на научно-истражувачката дејност и нивната усогласеност со европските и меѓународните стандарди.

Извештајот содржи податоци за актуелните состојби во високото образование и научно- истражувачката дејност и дава јасни насоки и укажувања на суштинските промени, кои треба да се направат во овие сегменти од општеството.

Согласно погоре изнесеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по однос на Извештајот за работата на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јули 2023 - јуни 2024 година и Програмата за работа на Националниот совет за високо образование и научно - истражувачка дејност за периодот јули 2024 - јуни 2025 година, особено што од работењето на ова тело најмногу придобивки ќе имаат студентите, високообразовната и деловната заедница, преку подобрени квалификации и студиски програми.

**<u>Точка 30</u>**

Владата го разгледа Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле", Охрид, за периодот мај 2023 - мај 2024 година и притоа го утврди следново мислење:

Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле", Охрид, за периодот мај 2023 - мај 2024 година не е изготвен согласно Правилникот за содржината и формата на извештајот за работата на ректорот.

Воедно, во однос на точка 7. Финансиски извештаи за спроведени активности, се укажува на потребата од техничка корекција на реализираниот износ во потточка 1.5 потставка 425-договорни услуги, односно негово усогласување со табеларниот преглед: Универзитет за информатички науки и технологии - Охрид, Финансиски извештај 603-2023 година.

Исто така, Владата на Република Северна Македонија напоменува дека Универзитетот реализира активности, не само преку основниот буџет, туку и преку буџетот на самофинансирачки активности и буџетот на донации и поради тоа се упатува на потребата истите да бидат вклучени во доставениот извештај.

**Точка 31**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 26 точка 4) од Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија, поднесено од градоначалникот на Општина Пробиштип и утврди мислење врз основа на Мислењето на Министерството за правда.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Иницијативата од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.155/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 141 став (4) во делот „или ако постои реципроцитет“ и член 143 во делот „или ако постои реципроцитет“ од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22 и 79/23) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата подносителот поведува постапка за оценување на уставноста на член 141 став (4) во делот „или ако постои реципроцитет“ и член 143 во делот „или ако постои реципроцитет“ од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Оспорената одредба од член 141 став (4) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување гласи: „Фондот му обезбедува на корисникот исплата на износите што му припаѓаат според овој закон во случаите кога корисникот има живеалиште надвор од територијата на Република Македонија под услови предвидени со овој закон, со ратификуван меѓународен договор или ако постои реципроцитет.“.

Поднесената Иницијатива ја оспорува уставноста на член 143 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, кој гласи: „на корисник на пензија и паричен надоместок за телесно оштетување - странски државјанин кој ќе се исели на постојано живеење во земјата чиј е државјанин, пензијата му се исплатува во странство ако со односната држава е склучен ратификуван меѓународен договор за плаќање на пензиите во странство или ако постои реципроцитет.“.

Според Иницијативата, која е предмет на ова мислење, оспорените одредби од член 141 став (4) во делот „или ако постои реципроцитет“ и член 143 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се неуставни и се спротивни на член 8 став (1), алинеја седум од Уставот на Република Северна Македонија, според кој темелни вредности на уставниот поредок на државата се хуманизмот, социјалната правда и

солидарност, спротивно на член 9 став (2) од Уставот според кој граѓаните се еднакви пред Уставот и законите и на член 29 од Уставот на Република Северна Македонија според кој странците во Република Северна Македонија уживаат слободи и права гарантирани со Уставот, под услови утврдени со закон и меѓународни договори. Републиката им гарантира право на азил на странците и на лицата без државјанство, прогонети заради демократско политичко уверување и дејствување. Екстрадиција на странец може да биде извршена само врз основа на ратификуван меѓународен договор и врз начелото на реципроцитет. Странец не може да биде екстрадиран заради политичко кривично дело. Дејствијата на тероризам не се сметаат за политички кривични дела.

Согласно Иницијативата, следни се основи за оспорување на уставноста на одредбите од член 141 став (4) во делот „или ако постои реципроцитет" и член 143 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување:
- Уставот на Република Северна Македонија го одредува односот и преземените дејствија кон странец, а не кон македонските граѓани и дејствијата кои се засновуваат на реципроцитет не се условуваат со „ако постои реципроцитет";
- со оспорените одредби се скратува веќе остварено право поради непостоење на реципроцитет;
- Уставот на Република Северна Македонија наметнува позитивен реципроцитет, делување во добра насока, додека одредбите од Законот за пензиското и инвалидското осигурување делуваат во негативна насока;
- не е јасна целта на поставеноста на оспорените законски одредби и нема решение за неисплатените износи на пензија за време на престој во странство;
- со примена на оспорените законски одредби се казнува граѓанинот корисник на пензија за нешто што не е виновен;
- законските одредби не нудат решение што треба да се направи до воспоставување на реципроцитет и во кој рок реципроцитетот ќе се воспостави;
- Законот за пензиското и инвалидското осигурување не го пропишува начинот на воспоставување на реципроцитет;
- за остварување на реципроцитет потребно е една од страните прва да почне, а законските одредби не пропишуваат која од страните прва ќе почне, иницира или ќе бара примена на реципроцитет;
- правните норми создаваат правна несигурност за граѓаните;
-законодавството на ЕУ реципроцитетот го смета како инструмент за градење на добро однесување;
- начелото на реципроцитет е старо начело наследен од поранешната СФРЈ;
- реципроцитетот претставува закана кон друга држава, со цел одвраќање од несакано делување;
-постоењето на реципроцитет претставува недоверба кон друга држава;
- реципроцитетот како начело се напушта во други области, како што се областа на оданочување, право на сопственост на недвижности и други;
- барањето на реципроцитет е на штета на граѓаните на двете страни;
-реципроцитетот имплицира или повлекува исто однесување како и од првата држава, што претставува реторзија;

- со одредбите на Законот за пензиското и инвалидското осигурување се ограничува правото на движење на пензионерите, тие се принудени да проверуваат држави кои се на „црна“ и „бела“ листа од аспект на исплатата на пензијата надвор од државата;
- Фондот ја стопира исплатата на пензијата на своите граѓани кои ќе се иселат во друга држава на основа на реципроцитет, но не може да ја стопира исплатата на странец кој ќе се досели во Република Северна Македонија, со што се создава нееднаква положба кај пензионерите;
- извештаите на Европската комисија во однос на напредокот на државата забележуваат дека реципроцитет како начело во областа на оданочувањето е штетен за државата, истото се однесува и на пензискиот систем;
- неприфатливо е постоење на реципроцитет на исплата на пензии кога се поголем е бројот на граѓани кои се иселуваат надвор од државата;
-во меѓународен контекст реципроцитетот е неприфатлив поим;
- во надворешна политика ги нарушува односите со другите држави, итн.

Со член 141 став (4) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се уредува исплатата на пензијата и паричен надоместок во странство на корисник на пензија кој ќе се исели со постојано живеење во странство.

Согласно ова законска одредба, исплатата на пензијата или паричниот надоместок на корисник на пензија е условено со исполнувањето на условите предвидени со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со постоењето на ратификуван меѓународен договор или постоењето на реципроцитет.

Од друга страна, членот 143 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување уредува исплата на македонска пензија на корисник на пензија странски државјанин, кој ќе се исели со постојано живеење во земјата чиј државјанин е, при што исплатата се условува со постоење на ратификуван меѓународен договор за плаќање на пензиите во странство или со постоење на реципроцитет.

Со ратификуваните билатерални договори, покрај останатите прашања се уредува и прашањето за меѓусебниот трансфер на пензиите од едната и од другата држава договорничка. Тоа значи дека со државите со кои се склучени билатерални договори за социјално осигурување постои обврска за исплата на пензијата во земјата чие државјанство носат корисниците, ако таму живеат постојано. Со државите со кои Република Северна Македонија нема меѓународен договор, овие одредби ја условуваат исплатата на пензијата во странство со постоење на реципроцитет.

Реципроцитетот претставува состојба во односите помеѓу двете држави кои меѓусебно го признаваат правото на трансфер во случаите кога меѓу тие две држави не е склучен меѓународен договор за социјално осигурување, ниту посебен договор за трансфер на пензиите.

При практична примена на оспорените одредби од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, а во отсуство на постапка и начин на утврдување на реципроцитет, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија постапува во интерес на граѓаните. Секое барање од страна на корисник

на пензија за исплата на пензијата надвор од државата се одобрува и исплтата се врши во другата држава каде пензионерот има постојано место на живеење. Исто така, се укажува дека доколку по повод Иницијативата, Уставниот суд на Република Северна Македонија одлучи да ги укине или поништи оспорените законски одредби во делот „или ако постои реципроцитет“, во таков случај примената на овие одредби ќе се условува само со постоењето на ратификуван меѓународен договор, односно исплатата на пензијата во странство ќе се ограничува само со државите со кои Република Северна Македонија има ратификуван меѓународен договор.

Според наведеното, одредбите од член 141 став (4) во делот „или ако постои реципроцитет“ и член 143 во делот „или ако постои реципроцитет“ од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, не се во спротивност со член 8 став (1) алинеја седум, член 9 став (2) и член 29 од Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи истите се засновуваат на принципот на хуманизмот, социјалната правда и солидарност, се обезбедува еднаквост на граѓаните и странските граѓани во Република Северна Македонија ги уживаат правата од пензиското и инвалидското осигурување на еднаков начин и под еднакви услови како и граѓаните на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.155/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 141 став (4) во делот „или ако постои реципроцитет“ и член 143 во делот „или ако постои реципроцитет“ од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22 и 79/23).

<u>**Точка 33**</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Ристо Гоговски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.188/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 101-в став (4) и член 101-з став (3) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/24) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата, ја оспорува уставноста и законитоста на член 101-в став (4) и член 101-з став (3) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), воведен со член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 55/24), дека е во спротивност со темелните вредности на уставниот поредок од член 8 став (1) алинеи 1, 3, 7 и 11, член 16 и член 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 28 точка 6. од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државна управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), Министерството за информатичко општество и администрација продолжува да работи како Министерство за дигитална трансформација и како Министерство за јавна администрација, со надлежности утврдени со овој закон, како правни наследници на ова министерство, а Министерството за дигитална трансформација е надлежно за радиодифузијата и радиодифузната инфраструктура.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.193/24) се направи терминолошко усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државна управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24).

Во однос на наводите изнесени во самата Иницијатива, Владата на Република Северна Македонија смета дека истите се неосновани, поради следното:

Со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23 и 55/24) се уредуваат правата, обврските и одговорностите во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, вклучувајќи ги радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање; давателите на услуги платформи за споделување видеа и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги емитуваат или реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите.

Целта на овој закон е во Република Северна Македонија особено да се обезбеди развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, како и да се поттикне развојот на конкуренцијата во аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и реемитувањето на програмски сервиси преку јавни електронски комуникациски мрежи.

Дополнително со Законот за аудио и аудиомедиумски визуелни услуги се обезбедува и транспарентен, независен, ефикасен и отчетен јавен радиодифузен сервис и транспарентно, независно, ефикасно и отчетно регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизулените медиумски услуги.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.55/24) се уредија кампањите на државно и локално ниво, изборот на нивното идејно решение како и спроведувањето на финансирањето на истите.

Емитување е изворно предавање на програми во аналоген или дигитален вид, наменети за прием од страна на јавноста што се распространуваат преку терестријален предавател, јавна електронска комуникациска мрежа или сателит (член 2 точка 8.);

Радио емитување е линеарна аудио медиумска услуга која ја обезбедува радиодифузер со цел да овозможи истовремено слушање аудио програми врз основа на однапред утврден хронолошки редослед на програмите (програмска шема) (член 2 точка 16);

Радиодифузер е давател на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги за радио или телевизиско емитување (член 2 точка 17);

Реемитување на програмски сервиси е јавна електронска комуникациска услуга која ја обезбедува оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и претставува примање и истовремено пренесување на радио или телевизиски програмски сервиси во целост и без каква било модификација во нивната програмска содржина, што радиодифузерите ги емитуваат за прием од страна на јавноста (член 2 точка 18);

„Државна кампања е комуникација со јавноста со исклучиво информативно - едукативни пораки и е насочена кон голем број луѓе во одреден временски период, со цел да генерира специфични резултати или да постигне предодредени цели, при што на јавноста и се обезбедуваат потребните информации за причината на државна кампања. Во државна кампања не се дозволени теми поврзани со политички и дипломатски активности, теми кои ги промовираат услугите или политиките на органите на државната или локалната власт, ниту теми поврзани со партиски активности, а при спроведувањето на државната кампања не смее да се користат имиња на политички партии, партиски слогани, симболи или ознаки, да се упатува на активностите на политичките партии, на нивните веб-страници, публикации и други материјали и да се промовираат членовите на Владата на Република Северна Македонија или претставниците на другите органи на државната управа и на единиците на локалната самоуправа.“ (член 3 точка 33).

Член 62 Услови за обезбедување на телевизиско или радио емитување:

(1) Дејноста обезбедување на телевизиско или радио емитување ја врши радиодифузер кој е запишан во Централниот регистар на Република Северна Македонија, има седиште и уредништво во Република Северна Македонија и има дозвола за телевизиско или радио емитување.

(2) Радиодифузер може да започне со обезбедување на телевизиско или радио емитување по добивање на дозвола за телевизиско или радио емитување.

(3) Дозволата од ставот (2) на овој член може да се издаде за подрачје на целата територија на Република Македонија, односно за државно ниво, за подрачје на одреден регион, односно за регионално ниво или за подрачје на одредено населено место со најблиската околина, односно за локално ниво, согласно со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата. Имателот на дозволата стекнува право да го емитува радио или телевизискиот програмски сервис во подрачјето, односно нивото за кое ја добил дозволата.

(4) Како подрачја на регионално ниво за кои се издава дозвола за вршење на радиодифузна дејност согласно со ставот (2) на овој член се сметаат зоните на распределба дефинирани во Планот Женева 06 кој е дел од Регионалната радиокомуникациска конференција за планирање на дигиталната радиодифузна служба во делови од регионите 1 и 3, во радиофреквенциските опсези 174-230 MHz и 470-862 MHz (RRC-06) на која и пристапила Република Македонија, освен зоната на распределба D1 - Црн Врв која се состои од два региона на емитување Скопје и Велес, односно подрачје на регионално ниво Скопје и подрачје на регионално ниво Велес. Подрачјето на регионално ниво Скопје ги содржи Градот Скопје и општините Чучер Сандево, Арачиново, Илинден, Петровец, Зелениково, Студеничани и Сопиште. Подрачјето на регионално ниво Велес ги содржи општините Велес, Чашка, Свети Николе, Лозово, Градско, Росоман, Неготино и дел од Општината Кавадарци.

(5) При обезбедување на телевизиско или радио емитување преку ограничен ресурс како што се радиофреквенции или преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс на државно или регионално ниво, радиодифузерот е должен да обезбеди покриеност со сигнал на најмалку 80% од населението во Република Македонија, односно од населението во соодветниот регион.

(6) За обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата.

Член 63 став (1) Емитување на телевизиски програмски сервис може да се врши преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит.

За програмскиот сервис на терестријална телевизија доколку се емитува преку ограничен ресурс може да се емитува само преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс за кој дозволата за телевизиско емитување ја доделува Агенцијата по пат на јавен конкурс (член 69 став 2).

За програмскиот сервис на радио или телевизија што се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит, Агенцијата без јавен конкурс доделува дозвола за телевизиско или радио емитување (член 69 став 3).

Постапката за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување е транспарентна и се води на начин што обезбедува еднаков, рамноправен и недискриминаторски третман на сите учесници во постапката (член 69 став 4).

Со член 101-а Државна кампања на државно ниво е утврдено дека Владата на Република Северна Македонија во текот на една календарска година спроведува најмалку една државна кампања на државно ниво. Средствата добиени од

државните кампањи на државно ниво медиумите ги користат и за дигитализација и унапредување на работниот процес, како и за подобрување на стандардот и условите на медиумските работници. Медиумите се должни најдоцна до 31 март во тековната година, за претходната година да доставaт финансиски извештај до Министерството за дигитална трансформација. Министерството за дигитална трансформација е должно да изготви извештај за реализираната државна кампања на државно ниво и за потрошените средства, како и да го објави на својата веб-страница, најдоцна до 31 мај во тековната година за претходната година.

Комисија за одлучување по државни кампањи на државно ниво, се состои од тројца претставници од политичките партии од владејачкото парламентарно мнозинство, кои можат да бидат и членови на парламентот, партиски членови или трети лица, од кои двајца претставници на политичката партија која има најголем број пратеници и еден претставник на политичките партии кои се дел од владејачкото парламентарно мнозинство и тројца претставници од политичките партии од парламентарната опозиција, кои можат да бидат и членови на парламентот, партиски членови или трети лица, од кои двајца претставници на политичката партија на парламентарната опозиција која има најголем број пратеници и еден претставник на политичката партија која е втора по број на пратеници, а е дел на парламентарната опозиција (став 1). Министерството за дигитална трансформација во рок од 30 дена од денот на конституирање на Собранието на Република Северна Македонија доставува барање до политичките партии од ставот (1) на овој член да предложат свои претставници во Комисијата на државно ниво (став 2). Политичките партии доставуваат предлози до Министерството за дигитална трансформација во рок од 10 дена од денот на добивањето на барањето од ставот (2) на овој член. Политичките партии кои нема да достават предлози во утврдениот рок, нема да учествуваат во работата на Комисијата на државно ниво (став 3). Министерот за дигитална трансформација донесува решение за формирање Комисија на државно ниво во рок од 10 дена од денот на доставување на предлозите од ставот (3) на овој член (став 4). Комисијата на државно ниво започнува да работи во рок од пет дена од денот на нејзиното формирање (став 5). Комисијата на државно ниво заседава од 20 јануари до 5 февруари во календарската година (став 6). Мандатот на Комисијата на државно ниво трае до конституирање на новиот состав на пратеници на Собранието на Република Северна Македонија (став 7). По исклучок на ставот (1) на овој член, составот на Комисијата на државно ниво може да се промени доколку дојде до промена на политичките партии во парламентарната опозиција или политичките партии од владејачкото парламентарно мнозинство во Собранието на Република Северна Македонија или ако некој од членовите поднесе оставка (став 8). По исклучок од ставот (6) на овој член, во случај на воена или вонредна состојба, заради превенција, рано предупредување и справување со кризи кои претставуваат ризик за добрата, здравјето и животот на луѓето и животните, а се настанати од природни непогоди и епидемии или други ризици и опасности, кои директно го загрозуваат уставниот поредок и безбедноста на Република Северна Македонија, на барање на најмалку половина членови од вкупниот број членови, Комисијата на државно ниво може да се состане дополнително и да предложи промена на претходно донесената одлука за избор на државни кампањи од ставовите (12) и (13) на овој член (став 9). Претставниците на политичките партии од владејачкото

парламентарно мнозинство и претставниците на политичките партии на парламентарната опозиција можат да доставаат предлози за државни кампањи на државно ниво до Комисијата на државно ниво во периодот од 1 до 20 јануари (став 10). Комисијата на државно ниво работи доколку се присутни повеќе од половина членови (став 11). Комисијата на државно ниво е должна во периодот од ставот (6) на овој член да изготви одлука за избор на државни кампањи и да ја достави до Министерството за дигитална трансформација за донесување (став 12). По исклучок од ставот (12) на овој член, доколку Комисијата на државно ниво не ја изготви одлуката за избор на државни кампањи на државно ниво, членовите на Комисијата на државно ниво од политичката партија од парламентарното мнозинство која има најголем број пратеници и членовите на Комисијата на државно ниво од политичката партија од парламентарната опозиција која има најголем број пратеници, може да предложат само по едно решение за државна кампања на државно ниво. Комисијата на државно ниво ја изготвува одлуката за избор на државни кампањи во рок од пет дена од денот на завршување на заседавањето на Комисијата на државно ниво и ја доставува до Министерството за дигитална трансформација за донесување (став 13). Одлуката од ставовите (12) и (13) на овој член ја донесува министерот за дигитална трансформација во рок од пет дена од денот на нејзиното доставување од страна на Комисијата на државно ниво и ја доставува до Владата на Република Северна Македонија за објавување на јавниот повик согласно со членот 101-г став (1) од овој закон (став 14). За својата работа Комисијата на државно ниво донесува деловник за работа во рок од 10 дена од денот на нејзиното формирање (став 15). За административно-стручните и техничките работи за потребите на Комисијата на државно ниво, Министерството за дигитална трансформација формира работна група од редот на своите вработени (став 16).

Со член 101-в Финансирање на државни кампањи на државно ниво е регулирано дека (став (1)) финансирањето државни кампањи на државно ниво се обезбедува од Буџетот на Република Северна Македонија во висина од 0,1% од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија. Распределбата на средствата се врши на следниов начин:

- најмногу 7% се за избор на продукциски куќи за изработка и продукција на идејни решенија и финални реализации на државни кампањи и

- најмалку 93% се за реализација на државни кампањи.

(2) Средствата за емитување на државните кампањи на државно ниво од ставот (1) алинеја 2 на овој член се распределуваат на следниов начин:

- 40% од средствата на годишно ниво се распределуваат за државни кампањи на државно ниво кои ќе се емитуваат само на телевизии на државно ниво преку оператор на дигитален терестријален мултиплекс,

- 40% од средствата на годишно ниво се распределуваат за државни кампањи на државно ниво кои ќе се емитуваат само на телевизии на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и телевизиите кои емитуваат преку сателит,

- 15% од средствата на годишно ниво се распределуваат за државни кампањи на државно ниво кои ќе се емитуваат само на телевизии на регионално и локално ниво преку оператор на терестријален мултиплекс, како и преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и на радија на локално и регионално ниво и

- 5% од средствата на годишно ниво се распределуваат за државни кампањи на државно ниво кои ќе се емитуваат само на радијата на државно ниво.

(3) Средствата за емитување државни кампањи на државно ниво од ставот (2) алинеја 1 на овој член се распределуваат линеарно на телевизиите кои емитуваат програма на државно ниво преку оператор на дигитален терестријален мултиплекс на државно ниво.

(4) Распределбата на износот на средствата од ставот (2) алинеи 2, 3 и 4 на овој член за емитување на државни кампањи на државно ниво наменети за телевизиите и радијата го врши Министерството за дигитална трансформација, согласно со следниве критериуми:

- висината на платените даноци, придонеси и други јавни давачки, за претходната календарска година и

- бројот на вработени во претходната календарска година кои имале заснован работен однос на определено и неопределено време најмалку шест месеци.
(5) Средствата од ставот (1) на овој член се обезбедуваат преку буџетот на Министерството за дигитална трансформација.

(6) Критериумите од ставот (4) на овој член поблиску ги утврдува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и ги објавува на својата веб-страница.

Во Глава V-б ДРЖАВНА КАМПАЊА НА ЛОКАЛНО НИВО е утврдена постапката за Државна кампања на локално ниво, Комисијата за одлучување по државни кампањи на локално ниво, финансирањето на државните кампањи на локлано ниво, избор на идејно решение и продукција за државна кампања на локално ниво, ценовниците за емитување и спроведувањето на државната кампања на локално ниво.

Член 101-з Финансирање на државни кампањи на локално ниво утврдил дека;

(1) Финансирањето државни кампањи на локално ниво се обезбедува од буџетот на единицата на локалната самоуправа во висина до 0,5% од сопствените реализирани даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка. Распределбата на средствата се врши на следниов начин:

- најмногу 10% се за избор на продукциски куќи за изработка и продукција на идејни решенија и финални реализации на државни кампањи на локално ниво и

- најмалку 90% се за реализација на државни кампањи на локално ниво.

(2) Средствата за емитување државни кампањи на локално ниво од ставот (1) алинеја 2 на овој член ги распределува Комисијата на локално ниво на следниов начин:

- од 50% до 75% од средствата на годишно ниво се за државни кампањи на локално ниво кои ќе се емитуваат само на телевизии на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, преку сателит, телевизии на регионално ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, како и телевизии на регионално ниво преку оператор на дигитален терестријален мултиплекс, телевизии на локално ниво и на радијата на државно, регионално и на локално ниво и

- од 25% до 50% од средствата на годишно ниво се за државни кампањи на локално ниво кои ќе се емитуваат само на телевизии на државно ниво преку оператор на дигитален терестријален мултиплекс.

(3) Распределбата на износот на средствата за емитување државни кампањи од ставот (2) алинеја 1 на овој член наменети за телевизиите и радијата ја врши Советот на предлог на Комисијата на локално ниво, согласно со следниве критериуми:
- висината на платените даноци, придонеси и други јавни давачки за претходната календарска година и

- бројот на вработени во претходната календарска година кои имале заснован работен однос на определено и неопределено време најмалку шест месеци.

(4) Критериумите од ставот (3) на овој член поблиску ги утврдува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и ги објавува на својата веб-страница.

(5) Средствата за емитување државни кампањи на локално ниво од ставот (2) алинеја 2 на овој член се распределуваат линеарно на телевизиите кои емитуваат програма на државно ниво преку оператор на дигитален терестријален мултиплекс.

Согласно Член 8 став 1 алинеи 1, 3, 7 и 11 од Уставот на Република Северна Македонија, темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се:
- основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот;
- владеењето на правото;
- слободата на пазарот и претприемништвото;
- почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Во ставот 2 е утврдено дека во Република Северна Македонија слободно е се што со Уставот и закон не е забрането.

Согласно член 16 од Уставот се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите,

слободата на примање и пренесување на информации. Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Цензурата е забранета.

Со член 51 од Уставот во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Со член 55 од Уставот, се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Република Северна Македонија како држава - кандидат за членство во Европската Унија, е обврзана да го вгради правото на Европската Унија во националната правна рамка во сите релевантни области. Тоа ја вклучува и обврската за усогласување на националното медиумско законодавство со правото на Европската Унија и медиумските стандарди. Во Извештајот за Северна Македонија за 2022 година, Европската комисија ги повтори препораките од Извештајот за напредокот од 2021 година дека Република Северна Македонија, во врска со јакнењето на слободата на изразувањето, треба, меѓу другото, да ја ревидира правната рамка со која се уредува областа на медиумите во согласност со правото на Европската Унија и европските стандарди, особено преку продолжување на активностите за усогласување на националните закони со ревидираната Директива за аудиовизуелните медиумски услуги. Општата цел на промените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) е усогласување со Директивата за аудиовизуелните медиумски услуги (ЕУ) 2018/1808 и со соодветните европски стандарди, но и постапување по препораките од извештајот на Прибе, каде што се бара да се воспостават строги правила за владино рекламирање, засновани на транспарентни, објективни и недискриминаторски критериуми и да се обезбеди целосна транспарентност во процесот, што, исто така, е утврдено и со Европскиот акт за слобода на медиуми.

Во последниот Извештај за напредокот на Република Северна Македонија за 2023 година, е нотирано дека Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е во голема мера усогласен со правото на Европската Унија, по законските измени од јули 2023 година. Понатаму, правната рамка што го опфаќа функционирањето на медиумите треба дополнително да се подобри, во согласност со правото на Европската Унија и со меѓународните стандарди.

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има за цел, меѓу другото, да обезбеди развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги; промовирање на слободата на изразување; поттикнување, унапредување и заштита на културниот идентитет, јазикот и традицијата на заедниците во Република Северна Македонија, почитување на културните и религиозните разлики, поттикнување на културата на

јавен дијалог меѓу граѓаните со цел да се зацврстува заемното разбирање и толеранција за унапредување на односите меѓу различните заедници; поттикнување на творештвото, образовниот и научниот развој и поттикнување и развој на конкуренцијата во аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и реемитувањето на програмски сервиси преку јавни електронски комуникациски мрежи. Имајќи го предвид развојот на техниката и на технологијата, а особено во светло на можности за пристап до емитуваните радио и телевизиски програмски сервиси од домашни радио дифузери преку јавни електронски комуникациски мрежи се наметнува потребата на целата територија на државата на секој граѓанин да му се обезбеди пристап до радио и телевизиските програмски сервиси на локално, регионално и национално ниво соодветно.

Одредбите од член 101-в став (4) и член 101-з став (3) не треба да се гледаат одвоено од одредбите од Глава V-а и Глава V-б од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено законодавецот ја утврдил целата постапка на државните кампањи, како на државно така и на локално ниво. Постапка која е транспарентна, висина на распределба на средствата со јасно утврдени услови и критериуми.

Законодавецот на јасен начин ја утврдил распределбата на средствата за емитување на државни кампањи на државно ниво и тоа 40% од средствата на годишно ниво се распределуваат за државни кампањи на државно ниво кои ќе се емитуваат само на телевизии на државно ниво преку оператор на дигитален терестријален мултиплекс, кои се распределуваат линеарно на телевизиите кои емитуваат програма на државно ниво преку оператор на дигитален терестријален мултиплекс на државно ниво.

Распределбата пак на 40% од средствата на годишно ниво се распределуваат за државни кампањи на државно ниво кои ќе се емитуваат само на телевизии на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и телевизиите кои емитуваат преку сателит, 15% од средствата на годишно ниво се распределуваат за државни кампањи на државно ниво кои ќе се емитуваат само на телевизии на регионално и локално ниво преку оператор на терестријален мултиплекс, како и преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и на радија на локално и регионално ниво и 5% од средствата на годишно ниво се распределуваат за државни кампањи на државно ниво кои ќе се емитуваат само на радијата на државно ниво, се распределуваат врз основа на јасно утврдени критериуми и тоа висината на платените даноци, придонеси и други јавни давачки, за претходната календарска година и бројот на вработени во претходната календарска година кои имале засនован работен однос на определено и неопределено време најмалку шест месеци.

Телевизиите кои зрачат преку дигитален терестријален мултиплекс на државно ниво, телевизиите кои емитуваат програма преку оператор на јавна комуникациска мрежа на државно ниво и телевизиите кои емитуваат програма преку сателит на државно ниво имаат добиено лиценци на национално ниво и заради тоа плаќаат ист износ на надоместок. Тоа значи дека лиценцата им дозволува достапност на сите трговски радиодифузни друштва на национално ниво и ист број публика, иако емитуваат програма преку различна платформа.

Законот предвидува и промовира пропорционалност во распределбата на средствата за државни кампањи според покриеноста, како и според гледаноста или слушаноста на медиумите. Тоа значи дека националните медиуми може да добијат поголеми средства заради нивната поширока публика, квалитетот на понудената програма и слично. Индикатори за мерливост на публиката и квалитетот на програмата можат да бидат истражувањата на јавното мислење, средствата добиени од рекламирање, квалитетот на сигналот (слика и тон), како и квалитетот на сопственото производство на програма и програми со откупени права за емитување.

Телевизиите кои зрачат преку дигитален терестријален мултиплекс, јавна електронска комуникациска мрежа и телевизиите кои емитуваат преку сателит, немаат ист број на публика, немаат иста гледаност, немаат исти средства/приходи, немаат ист квалитет на сигналот, ниту ист квалитет на сопствено производство на програма и програма со откупени права за емитување.

Висината на платените даноци, придонеси и други јавни давачки, за претходната календарска година, како критериум наведен во членот 101-в став (4) алинеја 2, како и бројот на вработени во претходната календарска година кои имале заснован работен однос на определено и неопределено време најмалку шест месеци (алинеја 2 од истиот член и став), произлегуваат и се детерминирани од нивото на гледаност на телевизиите, средствата од рекламирање и друг вид приходи, квалитетот на сигналот (слика и тон) и од понудената програма пред пошироката публика.

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека Иницијативата У.бр.188/24 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 101-в и член 101-з од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), поднесена од Ристо Гоговски е неоснована и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на наведената законска одредба, со оглед на фактот што истата е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и соодветно со законот.

## Точка 34

Владата ја разгледа Иницијативата од Здравко Тумбовски од Радовиш, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.196/24 за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 115, 116 и 117 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22 и 79/23) и притоа го утврди следното мислење:

Со предметната Иницијатива подносителот бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведува постапка за оценување на уставноста и поништување на членовите 115, 116 и 117 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Според Иницијативата, членовите 115, 116 и 117 се спротивни на член 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се спротивни на Законот за здруженија на граѓани и фондации на Република Северна Македонија.

Според член 115 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, на корисник на пензија, со негова согласност, му се запира дел од пензијата за обезбедување на средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување во здружение на пензионери (членарина), а средствата за солидарен фонд - посмртна помош, Фондот ги уплатува на посебна под сметка во рамките на Трезорската сметка со назнака „Средства за солидарен фонд – посмртна помош на корисници на пензија“.

Согласно членот 116 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, издвојувањето на посмртната помош и членарината се врши од пензијата на корисникот на пензија, месечно, при исплата на пензијата, освен од семејната пензија на дете остварена по основ на школување. Висината на задршката за посмртна помош и членарина, висината на исплатата за посмртна помош во зависност од акумулираните средства и смртноста на корисниците на пензија, начинот на распределба на членарината, начинот и постапката за исплата на посмртната помош на корисниците на пензија од средствата на солидарниот фонд во единствен износ за сите корисници на пензија, како и начинот на располагање со слободните а неискористени средства од посмртна помош, со акт ги утврдува регистрирана организација на сојузите на здруженијата на пензионерите на Република Северна Македонија. Актот на регистрираната организација на сојузите на здруженијата на пензионерите на Република Северна Македонија се објавува на почетокот на секоја година во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Средствата по основ на членарина Фондот ги дозначува на сметката што ја определува регистрираната организација составена од сојузите на здруженијата на пензионерите.

Со овие законски одредби е евидентно дека издвојувањето дел од пензијата за солидарен фонд, кој го сочинуваат посмртна помош и членарина, е во исклучителна диспозиција на пензионерот, кој својата волја писмено ја изразува преку согласност за задршка од пензијата за солидарниот фонд-посмртна помош при поднесувањето на барање за пензија.

Според член 117 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, исплата на посмртна помош од средствата на солидарниот фонд ја врши Стручната служба на Фондот преку подрачните единици. Исплата на посмртната помош се врши по поднесено барање до филијалата на Фондот од лицето кое извршило плаќање на трошоците за погреб. Образецот на барањето за исплата на посмртна помош од средствата на солидарниот фонд и потребната документација за исплата на посмртна помош ги пропишува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.

Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16), согласно член 1 го уредува начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на здруженијата и фондациите.

Согласно член 15 од Законот, здружение можат да основаат физички и правни лица. Здружение можат да основаат најмалку пет основачи од кои тројца од основачите мора да имаат живеалиште или престојувалиште, односно седиште на територијата на Република Северна Македонија. Здружение на граѓани може да основаат малолетни лица со навршени 15-годишна возраст преку изјава за согласност за основање на здружение од нивниот законски застапник, за целите за кои се основа здружението во согласност со закон.

Согласно член 19 од Законот, членувањето во здружението е доброволно.

Основачите се членови на здружението со еднакви права и одговорности, како и другите членови на здружението. Физичко лице може да биде член на здружението независно од неговата возраст во согласност со статутот.

Уставот на Република Северна Македонија, во член 20 ставови (1) и (2) предвидува дека на граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. Граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат.

Задршката на дел од пензијата по основ на солидарен фонд и членарина се врши по дадена согласност на корисникот на пензија, во смисла на членот 115 став (1) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, односно се врши на доброволна основа и во еднаков износ на корисниците на пензија. Поаѓајќи од волјата на корисниците на пензија кои доброволно одлучиле да издвојуваат средства за исплата на посмртна помош и за членување во здружение на пензионери (членарина), со споменатите законски одредби се уредува начинот на издвојување на средствата и дознаката на членарината на сметка што ја определува регистрирана организација составена од сојузите на здруженијата на пензионерите.

Членот 116 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување го уредува начинот за издвојување на средства за посмртна помош и членарина, како и дека определување на висината за задршката за посмртната помош и членарина и висината на исплатата на посмртната помош во зависност од акумулираните средства и смртноста на корисниците на пензија, начинот на распределба на членарината, начинот и постапката за исплата на посмртната помош на корисниците на пензија од средствата на солидарниот фонд во единствен износ за сите корисници на пензија, како и начинот на располагање со слободните, а не искористени средства од посмртна помош, со акт ги утврдува регистрирана организација на сојузите на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Распределбата на средствата по основ на членарина, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ја врши на начин што средствата ги доозначува на сметка што ја определува регистрирана организација составена од сојузите на здруженијата на пензионерите.

Според член 117 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, исплата на посмртна помош од средствата на солидарниот фонд ја врши Стручната служба на Фондот преку подрачните единици. Исплата на посмртната помош се врши по поднесено барање до филијалата на Фондот од лицето кое извршило плаќање на трошоците за погреб. Во однос на членарината која, исто така, се запира од пензијата врз основа на согласност на корисникот на пензијата, висината на задршката за членарина и начинот на распределба на членарината ги уредува Здружението на пензионерите на Македонија со свој акт. Законот го задолжува Фондот тие средства да ги доозначи на сметката што ќе ја определи Здружението на пензионерите на Македонија.

Според тоа, издвојувањето на средствата за посмртна помош и за членарина во здруженијата на пензионери е засновано на доброволна основа, висината на тие средства ги утврдува здружението на пензионерите на ниво на Република Северна Македонија и во еднаков износ за сите пензионери-членови на здружението, па оттука се запазени двата елементи - доброволност и здружување на средствата за определена намена.

Имајќи го предвид претходно наведеното, оспорените членови 115, 116 и 117 од Законот за пензиското и инвалидско осигурување се во согласност со темелните вредности утврдени во Уставот на Република Северна Македонија, како и поради тоа што Уставниот суд на Република Северна Македонија по иста Иницијатива претходно има постапено и донесено Решение У. бр. 5/22 од 11 мај 2022 година, со кое се отфрла Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 115, 116 и 117 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 115, 116 и 117 од наведениот закон, односно Иницијативата да се отфрли согласно член 38 алинеја 2 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 115/24).

## Точка 35

Владата ја разгледа Иницијативата од Оливер Давидовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.111/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 31 став 3 од Законот за медијација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/21) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата наведува дека со членот 31 ставот (3) од Законот за медијација е повреден членот 8 став (1) алинеи 3 и 4 од Уставот на Република Северна Македонија, односно владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска власт, членот 33 од Уставот според кој секој мора да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните приходи на начин утврден со Закон, членот 51 од Уставот на Република Северна

Македонија, кој уредува дека законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон и дека секој е должен да ги почитува Уставот и законите, членот 68 став 1 алинеи 2 и 3 од Уставот, според кој автентично толкување дава Собранието на Република Северна Македонија, членот 91 став 1 алинеи 1 и 5 од Уставот, како и членот 96 од Уставот, според кој органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите.

Подносителот на Иницијативата смета дека членот 31 став (3) од Законот за медијација не содржи никакви мерила и критериуми за определување на висината на наградата и надоместокот на трошоците на медијаторот.

Поради наведеното, подносителот на Иницијативата смета дека министерот за правда при определување на висината на наградата и надоместокот на трошоците на медијаторот ги утврдил и самите критериуми и мерила за определување на висината на самата награда и надоместокот на трошоците на медијаторот, при што на министерот му е дадено овластување да ги проширува критериумите за определување на висината на наградата и надоместокот на трошоците на медијаторот.

Наводите на подносителот на Иницијативата се неосновани од следните причини:

Согласно член 31 став (3) од Законот за медијација, висината на наградата и надоместокот на трошоците на медијаторот се определуваат со Тарифник за медијатори што го донесува министерот за правда по претходно прибавено мислење од Комората. Комората е должна мислењето по предлог - тарифникот да го достави до Министерството во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот во Комората.

Според членот 2 од Тарифникот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.194/22), надоместокот на трошоците и наградата на медијаторот за извршена медијација претставуваат исплата на соодветен паричен износ за ангажирањето, сложеноста на спорот и трошоците на медијаторот во постапка на спорен однос помеѓу две или повеќе страни, а според членот 4 став (1) од Тарифникот, при определувањето на наградата се земаат предвид вложениот труд, сложеноста на спорот, потрошеното време во постапката за медијација и бројот на страните.

Со наведениот Тарифник за медијатори, се постапува во склад со законските одредби од членот 31 став (3) од Законот за медијација и се прецизираат износи за висината на наградата и надоместокот на трошоците на медијаторот, со што имплементацијата на законската норма станува јасна и едноставна.

Наградата за медијаторот во Тарифникот е фиксно определена и не се определени вредносни разлики во износите на наградата во зависност од вредноста на предметот на спорот, односно во Тарифникот нема од – до вредност на предмет на спор, па од таа вредност да зависи и висината на наградата, поради што не постои можност за различна пресметка и наплата на наградата.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека членот 31 став (3) од Законот за медијација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/21) е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 31 став (3) од Законот за медијација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21), односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на оваа одредба од Законот.

## Точка 36

Владата ја разгледа Иницијативата од Светски македонски конгрес, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.97/2024, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 222 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20) и член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата смета дека оспорените членови од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата се во спротивност со Одлуката на референдумот, одржан на 8 септември 1991 година („Службен весник на Република Македонија бр.43/91) и Одлуката на референдумот, одржан на 30 септември 2018 година („Службен весник на Република Македонија бр.186/18), членовите 1, 2, 8 став 1 алинеите 3 и 4 со Амандманот VI, членовите 9, 11, 15 став 2 со Амандманот XXI, членовите 25, 27, 51, 52, 73, 75, 118 и 119 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што цени дека оспорените членови треба да бидат поништени.

Исто така, подносителот на Иницијативата му предлага на Уставниот суд, до донесување на конечната одлука да донесе решение со времена мерка за запирање од извршување на поединечните акти и дејствија преземени врз основа на оспорените членови.

Од аспект на анализа на наводите содржани во Иницијативата, информираме за следното:

Оспорениот член 222 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20), предвидува дека низ целиот текст на Законот, зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Оспорениот член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), уредува дека возачките дозволи и возачките книшки, кои го

содржат натписот „Република Македонија“ издадени до денот на започнувањето на примената на овој закон, ќе важат до истекот на рокот на важење, кој е наведен во возачката дозвола, а најдоцна до 12 февруари 2024 година.

Наведениот член во меѓувреме е изменет со донесувањето на Законот за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.33/24) со кој се врши интервенција во оспорениот член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21), односно зборовите: „12 февруари 2024 година“ се заменуваат со зборовите: „31 декември 2024 година“, со што се овозможува возачките дозволи и возачките книшки, кои го содржат натписот „Република Македонија“ издадени до денот на започнувањето на примената на овој закон, да важат до истекот на рокот на важење, кој е наведен во возачката дозвола, а најдоцна до 31 декември 2024 година.

Во однос на донесувањето на предметните законски измени, односно предвидување на конкретниот рок, се упатува на членот 51 од Уставот на Република Северна Македонија, во кој е пропишано дека во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон и секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Во овој контекст, Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, беше дел од пакетот закони од националното законодавство што беше потребно да се усогласат со Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуцијата 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации и со Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/19).

Во овој контекст, во продолжение даваме хронолошки осврт на процесот на усогласување на Законот со Конечната спогодба:

Согласно Амандманот XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија, зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“, а зборот „Македонија“ се заменува со зборовите: „Северна Македонија“, освен во членот 36 од Уставот на Република Македонија.

Согласно член 2 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/19), одредбите од Амандманот XXXIII во прописите и другите акти на државните органи се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Во членот 3 од Уставниот закон е пропишано дека постоечките официјални документи и материјали на јавната администрација за меѓународна употреба и документите за внатрешна употреба кои може да се користат надвор од државата, ќе се усогласат со Амандманот XXXIII, најдоцна во рок од пет години од неговото влегување во сила.

Законот за ратификација на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.7 на 14 јануари 2019 година.

Имајќи ја предвид Објавата на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/19) со која е пропишано дека условите предвидени со Одлуката за прогласување на Амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија се исполнети и Амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија, што Собранието на Република Македонија ги донесе на седницата, одржана на 11 јануари 2019 година, влегуваат во сила на 12 февруари 2019 година и дека со влегувањето во сила на Уставните амандмани XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI влегува во сила и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата, одржана на 11 јануари 2019 година, рокот за усогласување на документите и материјалите истекува на 12 февруари 2024 година.

Во тој контекст, донесени се Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21). Во наведените закони децидно е пропишано дека патните исправи и возачките дозволи кои содржат натпис „Република Македонија“ ќе важат до истекот на рокот на важење наведен во патната исправа, односно возачката дозвола, а најдоцна до 12 февруари 2024 година, кога истекуваше рокот за усогласување на националните прописи со Конечната спогодба.

Паралелно и во пакет со наведените закони, беше изготвен и текст на Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта, кој сеуште е во собраниска постапка. Во таа насока, како субјект надлежен за издавање на предметната јавна исправа, Министерството за внатрешни работи врз основа на севкупна анализа на нормативните решенија, а имајќи ја предвид комплексноста на предметното прашање, достави Информација до Владата на Република Северна Македонија во однос на предметното прашање.

Владата на Република Северна Македонија, на Стоттата седница одржана на 20.8.2021 година, ја усвои Информацијата и донесе заклучок со кој го задолжи министерот за внатрешни работи да ги преземе сите потребни активности во врска со донесување на подзаконскиот пропис за издавање на обрасците за новите лични карти усогласени со Законот за употреба на јазиците и новото име на државата согласно членовите 2 и 3 од Уставниот закон за спроведување на Амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија.

За таа цел, донесен е Правилникот за образецот на барањето за издавање на личната карта, образецот на потврдата за поднесено барање за издавање на личната карта, образецот на личната карта, постапката за издавање и замена на личната карта, како и за начинот на водење на евиденција за издадените лични карти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 196/21 и 285/22), во кој се пропишува образецот на барањето за издавање на личната карта, образецот на потврдата за поднесено барање за издавање на личната карта, образецот на личната карта, постапката за издавање и замена на личната карта, како и начинот на водење на евиденција за издадените лични карти со новото име на државата, како и со одредбите од Законот за употреба на јазиците.

Имајќи ја предвид временската рамка и динамиката за усогласување на прописите од националното законодавство со одредбите од Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи веднаш по донесување на Уставниот закон пристапи кон активности за имплементирање на одредбите од истата. Меѓу другите бројни активности, беа формирани работни групи, изработени акциски планови, извршени темелни и сеопфатни анализи за доследно имплементирање на Конечната спогодба.

Во рамки на тие процеси, по донесен Заклучок на Владата на Република Северна Македонија од седницата, одржана на 12.2.2019 година, Министерството за внатрешни работи беше задолжено да склучи нов Рамковен договор меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Veridos GmbH за период од две години, најдоцна до 31.3.2019 година, согласно што е извршена измена на Планот за јавни набавки за 2019 година, со цел спроведување на постапка за набавка на лични документи со новото име на државата.

Во тендерската документација со бр. 18.1-46385/1 од 10.6.2019 година за набавка на лични документи, во точка 1.2.2 став 2, предвидено е дека испораката на новите видови на обрасци ќе започне по утврдување и прифаќање на спецumени од секој вид на образец од страна на надлежни лица во Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи во текот на реализација на Рамковната спогодба и нивно објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Во точка 13.1 од тендерската документација е предвидено носителот на набавката во рок од 90 дена од склучување на Договорот согласно доделената Рамковна спогодба, да достави предлог специмени за секој образец предвиден согласно условите од техничката документација. Паралелно, со цел да се превенира евентуален застој во издавањето на личните документи на граѓаните, во периодот до пристигнување на обрасци со новото име на државата, издавани се обрасци што во моментот биле на залиха во Министерството за внатрешни работи.

Првата Договор – нарачка за одредена количина е изготвена на 30.4.2020 година.

Наведениот проект не беше наменет само за имплементација на измените на Уставот на Република Северна Македонија, туку и имплементација на измените на Законот за употреба на јазиците, во кој се предвидени дополнителни пет видови на

лични карти, пасоши и возачки дозволи (подготовка на обрасците на личните карти и пасошите покрај на постоечките тип А- македонски и тип Б-албански и на српски, босански, ромски, влашки и турски јазик), како и подготовка за запишување на податоците за личното име во документите, на лично барање на граѓаните, освен на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото што го употребуваат граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик.

Во рамки на процесот, беа предложени и изработени нацрт проектни документи како составен дел на Функционалната спецификација, кои секојдневно беа усогласувани од страна на проектните тимови од двете страни. Имено, усогласените проектни документи претставуваа основа за целосна и успешна реализација на проектот. Функционалната спецификација е составена од 12 документи.

По усогласување на проектните документи од функционалната сертификација, од страна на економскиот оператор Veridos GmbH беа изработени нацрт - верзии на изгледот на личните документи во боја и истите беа разгледани и прифатени од страна на проектните тимови и потврдени од страна на Управниот комитет. Документите од Функционалната спецификација се потпишани од страна на членовите на Управниот комитет на 28.4.2021 година, по што следуваше нарачка на обрасците на личните документи.

Од страна на Veridos GmbH изработени се и доставени т.н. „тестни лични документи“, што се користеа при тестирањето на процесот за персонализација. Пред почетокот на тестирањето беа предложени тестни планови и тестни сценарија, кои дополнително се усогласуваа од двете страни. Изработени се и усогласени упатства за работа, кориснички упатства и дополнителна документација и инсталирана е потребната хардверска опрема. Дополнително, реализирани се потребните обуки на работниците во Министерството за внатрешни работи и во Министерството за надворешни работи. Машините за персонализација на новите типови на лични документи се прилагодени, извршено е нивно сетирање и конфигурирање за препознавање на различните видови документи и спроведен е процес на миграција на податоците од стариот во новиот систем на лични документи.

Во рамки на постапката, инсталирани се нови базни станици во сите организациски единици за управни работи и за странци во Министерството, на територијата на целата држава и во рамки на Министерството за надворешни работи. Пред пуштање на системот во продукција, спроведени се сите потребни тестирања, а изработен е и функционален инсталациски пакет за работни станици. Воедно, извршена е инсталација и тестирање на сите базни станици, мобилни базни станици и позадински базни станици. Исто така, извршено е тестирање на новиот систем на CAST картички (од поднесување на барање до нивно издавање), како и изработка на CAST картички за сите вработени во надлежните министерства, кои извршуваат работни задачи поврзани со базните станици и мобилните базни станици.

Извршена е и изработка и тестирање на функционалноста на системот за екстракција на фотографии за потребите на други државни институции (Државна изборна комисија). Воедно, извршено е прилагодување на репликациите на

податоци со новата база на податоци и со новите правила за пополнување на податоците и направено е тестирање на системот за автоматско генерирање на нарачки за персонализација.

Исто така, извршено е тестирање на репликациите на податоците и на системот за управување со документи, како и тестирање на процесот на персонализација на секој тип на документ поединечно. Покрај наведените тестирања, извршено е и тестирање на системот за прием на барања, документи и забрани за документи, тестирање на системот за одобрување на документи и нивно издавање, тестирање на функционалноста на сите потребни интерфејси и изведени се церемонии на размена на безбедносни клучеви. Направено е тестирање на станиците за контрола на квалитет на персонализирани лични документи, конфигурирање на старите базни станици да работат со новиот Централен систем, како и конфигурирање на новиот Централен систем да работи во режим на стари лични документи. Направен е Back up на стариот Централен систем и направена е миграција на податоците од стариот во новиот Централен систем. Новиот Централен систем е конфигуриран да работи во режим на нови лични документи и направено е завршно интегрирано тестирање на сите системски компоненти на новиот Централен систем, од прием на барање до издавање на личен документ. На крајот, извршено е финално тестирање за прифаќање на системот (SAT test) и изработен е План за префрлување на работењето на новиот систем во продукција (Switch over) и негова имплементација. Во истиот контекст, значајно е да се обрне внимание и на фактот дека во фазата на преговорите со економскиот оператор се отворија голем број специфични прашања, кои наметнаа потреба од дополнителни консултации и барање на стручни мислења во однос на конкретни сегменти што ја наметна потребата од соодветно обраќање до надлежни институции. Во овој контекст, до Владата на Република Северна Македонија доставена е Информација во врска со отворени прашања поврзани со спроведување на Рамковната спогодба бр. 18.1 – 99076/1 од 5.12.2019 година, склучена помеѓу Министерството за внатрешни работи и Veridos GmbH за набавка и испорака на обрасци на лични документи, од што произлезе заклучок, согласно кој Владата го задолжи Министерството за внатрешни работи да се обрати за мислење до надлежно експертско тело на Меѓународната цивилна организација за авијација (ICAO), за став во однос на користењето, релевантноста и значењето на коса црта „/“ при испишување на државјанството на граѓаните во патните исправи.

Воедно, при дефинирање и договарање на изгледот на спецimените за обрасците за личните документи се отворија прашања во однос на преводот на одредени термини што се употребуваат во документите, на другите јазици предвидени согласно закон.

Имено, паралелното донесување на Законот за употреба на јазиците наметна сериозни предизвици во процесот на усогласување на личните документи, не само во однос на бројноста на различните специмени за сите јазици предвидени во законот, туку и од технички аспект во однос на потребата од предвидување простор во рамки на утврдените димензии на образецот, со цел доследно имплементирање на законските одредби и конкретно впишување на податоците преведени на соодветните јазици согласно закон.

Паралелно со сите постапки во рамки на процесот на промена на изгледот на новите лични документи што ги издава Министерството за внатрешни работи, што беа отпочнати набрзо по донесување на Конечната спогодба, неминовно мора да се укаже и на дополнителните предизвици условени од светската пандемија со коронавирусот. Имено, во март 2020 година, започна светската пандемија со коронавирусот, која покрај големите промени и рестрикции во начинот на живот на граѓаните во државата и во светот, предизвика значајни промени и во начинот на функционирање и работење на сите државни органи. Вонредните услови и мерките што беа на сила во правец на спречување на ширење на вирусот, не дозволуваа можност за физички средби и работни состаноци на работните тела на Министерството за внатрешни работи и економскиот оператор Veridos, што како специфичен период со вонредни мерки за функционирање во сите сфери на општеството значително влијаеше врз процесот на преговори и договарање со економскиот оператор за набавка на обрасците за новите лични документи. Имено, во неколку периоди имаше и целосен прекин на реализацијата на Проектот за нови лични документи поради затворање на границите и аеродромите во државите, што секако имаше значајна импликација и врз овој процес, имајќи предвид дека за некои активности беше неопходно физичко присуство од страна на тимовите на Veridos GmbH од Германија.

Во наведениот период на донесување на правната рамка како дополнителна отежителна околност од аспект на почитување на рокот за отпочнување со издавање на новите лични документи е формирањето на преодна Влада за спроведување на избори на пратеници (периодот од јануари до август 2020 година), состојба која предизвика одложување на донесувањето на голем број закони што веќе се наоѓаа во собраниска постапка. Имено, поради наведените политички промени, беше именуван нов министер во Министерството за внатрешни работи, заедно со нов Кабинет на министерот и неколку нови раководни лица во рамки на Министерството, согласно што беше изменет и дополнет составот на Управниот комитет за имплементација на Рамковната спогодба склучена со фирмата Veridos GmbH. Од тие причини, некои одлуки на Управниот комитет во однос на набавката на новите лични документи беа дополнително или повторно разгледувани.

Во контекст на активните заложби за навремено уредување на конкретната проблематика, Министерството за внатрешни работи презеде и конкретни чекори во насока на превенирање вакум временски период за евидирање на новото име на државата во патните исправи на граѓаните, за што се направени измени во Правилникот за обрасците на патните исправи и визи на државјаните на Република Македонија, за начинот на фотографирање за патните исправи и за водење на евиденција („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.37/19), со кои се предвиде користење на посебен штембил со новото име на државата во пасошите на граѓаните кои ја преминуваа државната граница, како преодно решение до издавањето на новите патни исправи.

Имајќи ја предвид потребната временска рамка за етапно спроведување на наведените фази од процесот согласно нивната сериозност и обемност, се цени дека датумот на почеток на издавање на новите лични документи на граѓаните

претставува реален исход од наведените процеси и постапки, особено имајќи предвид дека рокот е во рамки на предвидената временска рамка за имплементирање на Конечната спогодба, како меѓународен договор со кој е неопходно да се усогласи севкупното национално законодавство.

Од аспект на излегување во пресрет на граѓаните кои не успеале во предвидениот рок да ја заменат возачката дозвола со нова возачка дозвола која го содржи новото уставно име на државата, од особено значење е донесувањето на Законот за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 33/24) со кој се врши интервенција во оспорениот член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21), односно зборовите: „12 февруари 2024 година“ се заменуваат со зборовите: „31 декември 2024 година“, со што се овозможува возачките дозволи и возачките книшки, кои го содржат натписот „Република Македонија“ издадени до денот на започнувањето на примената на овој закон, да важат до истекот на рокот на важење, кој е наведен во возачката дозвола, а најдоцна до 31 декември 2024 година.

Паралелно, оспорените законски одредби задолжително треба да се разгледуваат и од аспект на заштита на човековите слободи и права, односно потребата од усогласеност на законските одредби со Уставот во делот на гарантирањето на човековите слободи и права, како и со европските и меѓународни документи што ги уредуваат овие права (Универзалната декларација за човековите права - член 7, Повелбата на ООН, Европската конвенција за човековите права и слободи - член 14, Меѓународниот пакт за граѓански и политички слободи и права - член 26 и судската пракса на Европскиот суд за човекови права во Стразбур).

Во овој контекст, информираме дека Министерството за внатрешни работи не се апстрахира од одговорноста и обврската за усогласеност на комплетната национална правна рамка со наведениот корпус на меѓународно - правни акти од предметната проблематика, како и уставно загарантираните основни слободи и права на граѓаните признати со меѓународното право и утврдени со Уставот.

Во овие рамки, неспорна е заложбата на Министерството за внатрешни работи – како орган на државната управа согласно своите законски утврдени надлежности за непречено овозможување на овие права на човекот и граѓанинот, без никаква дискриминација заснована на: пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или какво и да е друго мислење, национално или социјално потекло, материјална положба, потекло по раѓање или друго.

Имено, со наведените законски измени, Министерството за внатрешни работи нема интенции, намера или цел, ниту се довело во позиција да одлучува за решение со кое би ги загрозило темелните уставни слободи и права на граѓаните, моралниот интегритет, достоинството и угледот на човекот кои се неприкосновени, ниту да предизвика нееднаквост, односно дискриминација меѓу луѓето врз основа на било каков критериум.

Неспорно е дека човековите права и слободи, поимно се дефинирани како основни критериуми што ја отсликуваат улогата на човекот и граѓанинот во едно општество, со целосна свесност за фактот дека колку се понапредни тие, толку повеќе се стеснува можноста за злоупотреби и арбитрарност кон правата и слободите на човекот од страна на државната власт.

Од друга страна, Министерството за внатрешни работи, како орган на државната управа и дел од извршната власт, е должно да постапува во согласност со Уставот, законите и позитивните законски прописи, во чии рамки е предвидено дека националното законодавство потребно е да биде усогласено со сите релевантни меѓународни акти.
Оттука, во периодот по усвојување на Амандманот XXXIII на Уставот, Министерството за внатрешни работи беше соочено со предизвикот на постигнување правична рамнотежа помеѓу барањата на општите интереси на заедницата преточени во формално - правни услови за нивно реализирање од една страна и барањата за заштита на основните слободи и права на граѓаните, од друга страна.

Во овие рамки, активностите на Министерството за внатрешни работи во сферата на усогласување со Уставниот амандман и негова практична имплементација во рамки на утврдените надлежности на Министерството, се на линија меѓу човековите права од една страна во однос на она што формално - правно државата е обврзана да го почитува и постапува согласно Уставните норми и Позитивните законски прописи.

Имајќи ги предвид изнесените аргументи, Одлуката по предметната Иницијатива, во постапката за оценување на уставноста на оспорените членови од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, претставува сериозен предизвик за надлежните институции во државата, имајќи ја предвид сериозноста на самиот процес на постигнување своевидна „праведна рамнотежа" меѓу барањата на општиот интерес на заедницата и барањата за заштита на правото на поединецот, особено имајќи го предвид тежнеењето човековите основни права и слободи да се доведат онаму каде секоја демократска земја треба да настојува да ги постави, односно наместо истите да бидат наспроти државните интереси, напротив - истите тие да бидат дел од самите национални интереси на државата.

**<u>Точка 37</u>**

Владата го разгледа Барањето за заштита на слободите и правата од Глигорие Ќатоски од Струга, доставено до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.108/2024 за заштита на слободите и правата утврдени во член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија врз основа на национална и социјална припадност и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Барањето, цени дека е ставен во понеповолна положба во однос на другите граѓани на Република Северна Македонија кои извадиле пасош, лична

карта и возачка дозвола во втората половина на 2021 година со новото име на државата, имајќи предвид дека подносителот поседува лични документи што се важечки по датум, со оглед на тоа дека се издадени на 9.2.2020 година (пасош), 28.5.2021 година (лична карта) и 12.3.2018 година (возачка дозвола), но се неважечки по 12.2.2024 година, имајќи предвид дека сите три документи го содржат старото уставно име на државата.

Имено, подносителот на Барањето смета дека Министерството за внатрешни работи направило дискриминација врз подносителот врз основа на национална и социјална припадност, односно бара заштита на слободи и права утврдени во член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија каде е утврдено дека Уставниот суд на Република Северна Македонија ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Од аспект на надлежностите на Министерството за внатрешни работи во однос на предметното барање, прикажан е хронолошки осврт на процесот на усогласување на прописите што ги уредуваат личните документи на граѓаните со Конечната спогодба:

Согласно Амандманот XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија, зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“, а зборот „Македонија“ се заменува со зборовите: „Северна Македонија“, освен во членот 36 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 2 став (1) од Уставниот закон за спроведување на Амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/19), одредбите од Амандманот XXXIII во прописите и другите акти на државните органи се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Во членот 3 од Уставниот закон е пропишано дека постоечките официјални документи и материјали на јавната администрација за меѓународна употреба и документите за внатрешна употреба кои може да се користат надвор од државата, ќе се усогласат со Амандманот XXXIII најдоцна во рок од пет години од неговото влегување во сила.

Законот за ратификација на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.7 на 14 јануари 2019 година.

Имајќи ја предвид Објавата на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/19) со која е пропишано дека условите предвидени

со Одлуката за прогласување на Амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија се исполнети и Амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија, што Собранието на Република Македонија ги донесе на седницата одржана на 11 јануари 2019 година, влегуваат во сила на 12 февруари 2019 година и дека со влегувањето во сила на уставните амандмани XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI влегува во сила и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јануари 2019 година, рокот за усогласување на документите и материјалите истекува на 12 февруари 2024 година.

Во таа насока, Министерството за внатрешни работи, како ресорно министерство надлежно меѓу другото и за издавање на лични документи, во своето работење навремено ги презеде сите мерки и активности за усогласување на регулативата и документите на граѓаните согласно наведените прописи.

Во тој контекст, донесени се Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21) и Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21). Во наведените закони децидно е пропишано дека патните исправи и возачките дозволи кои содржат натпис „Република Македонија" ќе важат до истекот на рокот на важење наведен во патната исправа, односно возачката дозвола, а најдоцна до 12 февруари 2024 година, кога истекува рокот за усогласување на националните прописи со Конечната спогодба.

Паралелно и во пакет со наведените закони, беше изготвен и Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта кој сеуште е во собраниска постапка. Во таа насока, како субјект надлежен за издавање на предметната јавна исправа, Министерството за внатрешни работи врз основа на севкупна анализа на нормативните решенија, а имајќи ја предвид комплексноста на предметното прашање, достави Информација до Владата на Република Северна Македонија во однос на предметното прашање.

Постапувајќи по Заклучок на Владата на Република Северна Македонија, со кој се задолжува министерот за внатрешни работи да ги преземе сите потребни активности во врска со донесување на подзаконскиот пропис за издавање на обрасците за новите лични карти усогласени со Законот за употреба на јазиците и новото име на државата согласно членовите 2 и 3 од Уставниот закон за спроведување на Амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија, донесен е Правилник за образецот на барањето за издавање на личната карта, образецот на потврдата за поднесено барање за издавање на личната карта, образецот на личната карта, постапката за издавање и замена на личната карта, како и за начинот на водење на евиденција за издадените лични карти („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 196/21 и 285/22), во кој се врши усогласување со наведените прописи.

Имајќи ја предвид временската рамка и динамиката за усогласување на прописите од Националното законодавство со одредбите од Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи веднаш по донесување на Уставниот закон пристапи кон активности за имплементирање на одредбите од истата. Меѓу другите бројни активности, беа формирани работни групи, изработени Акциски планови, извршени темелни и сеопфатни анализи за доследно имплементирање на Конечната спогодба.

Во рамки на тие процеси, по донесен Заклучок на Владата на Република Македонија од 112-та седница, одржана на 12.2.2019 година, Министерството за внатрешни работи беше задолжено да склучи нов Рамковен договор меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Veridos Gmbh за период од две години, најдоцна до 31.3.2019 година, согласно што е извршена измена на Планот за јавни набавки за 2019 година, со цел спроведување на постапка за набавка на лични документи со новото име на државата.

Во тендерската документација за набавка на лични документи, предвидено е дека испораката на новите видови на обрасци ќе започне по утврдување и прифаќање на специмени од секој вид на образец од страна на надлежни лица во Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи во текот на реализација на Рамковната спогодба и нивно објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Воедно, тендерската документација е предвидено носителот на набавката во рок од 90 дена од склучување на Договорот согласно доделената Рамковна спогодба, да достави предлог специмени за секој образец предвиден согласно условите од техничката документација. Паралелно, со цел да се превенира евентуален застој во издавањето на личните документи на граѓаните, во периодот до пристигнување на обрасци со новото име на државата, издавани се обрасци што во моментот биле на залиха во Министерството за внатрешни работи.

Првата Договор – нарачка за одредена количина била изготвена на 30.4.2020 година.

Наведениот проект не беше наменет само за имплементација на измените на Уставот на Република Северна Македонија, туку и имплементација на измените на Законот за употреба на јазиците, во кој се предвидени дополнителни пет видови на лични карти, пасоши и возачки дозволи (подготовка на обрасците на личните карти и пасошите покрај на постоечките тип А - македонски и тип Б - албански и на српски, босански, ромски, влашки и турски јазик), како и подготовка за запишување на податоците за личното име во документите, на лично барање на граѓаните, освен на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото што го употребуваат граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик.

Во рамки на процесот, беа предложени и изработени нацрт проектни документи како составен дел на Функционалната спецификација, кои секојдневно беа усогласувани од страна на проектните тимови од двете страни. Имено, усогласените проектни документи претставуваа основа за целосна и успешна реализација на проектот. Функционалната спецификација е составена од 12 документи.

По усогласување на проектните документи од функционалната сертификација, од страна на економскиот оператор Veridos Gmbh беа изработени нацрт - верзии на изгледот на личните документи во боја и истите беа разгледани и прифатени од страна на проектните тимови и потврдени од страна на Управниот комитет. Документите од Функционалната спецификација се потпишани од страна на членовите на Управниот комитет на 28.4.2021 година, по што следуваше нарачка на обрасците на личните документи.

Од страна на Veridos Gmbh изработени се и доставени т.н. „тестни лични документи“, што се користеа при тестирањето на процесот за персонализација. Пред почетокот на тестирањето беа предложени тестни планови и тестни сценарија, кои дополнително се усогласуваа од двете страни. Изработени се и усогласени упатства за работа, кориснички упатства и дополнителна документација и инсталирана е потребната хардверска опрема. Дополнително, реализирани се потребните обуки на работниците во Министерството за внатрешни работи и во Министерството за надворешни работи. Машините за персонализација на новите типови на лични документи се прилагодени, извршено е нивно сетирање и конфигурирање за препознавање на различните видови документи и спроведен е процес на миграција на податоците од стариот во новиот систем на лични документи.

Во рамки на постапката, инсталирани се нови базни станици во сите организациски единици за управни работи и за странци во Министерството за внатрешни работи, на територијата на целата држава и во рамки на Министерството за надворешни работи. Пред пуштање на системот во продукција, спроведени се сите потребни тестирања, а изработен е и функционален инсталациски пакет за работни станици. Воедно, извршена е инсталација и тестирање на сите базни станици, мобилни базни станици и позадински базни станици. Исто така, извршено е тестирање на новиот систем на CAST картички (од поднесување на барање до нивно издавање), како и изработка на CAST картички за сите вработени во надлежните министерства, кои извршуваат работни задачи поврзани со базните станици и мобилните базни станици.

Извршена е и изработка и тестирање на функционалноста на системот за екстракција на фотографии за потребите на други државни институции (Државна изборна комисија). Воедно, извршено е прилагодување на репликациите на податоци со новата база на податоци и со новите правила за пополнување на податоците и направено е тестирање на системот за автоматско генерирање на нарачки за персонализација.

Исто така, извршено е тестирање на репликациите на податоците и на системот за управување со документи, како и тестирање на процесот на персонализација на секој тип на документ поединечно. Покрај наведените тестирања, извршено е и тестирање на системот за прием на барања, документи и забрани за документи, тестирање на системот за одобрување на документи и нивно издавање, тестирање на функционалноста на сите потребни интерфејси и изведени се церемонии на размена на безбедносни клучеви. Направено е тестирање на станиците за контрола на квалитет на персонализирани лични документи, конфигурирање на старите

базни станици да работат со новиот Централен систем, како и конфигурирање на новиот Централен систем да работи во режим на стари лични документи. Направен е Back up на стариот Централен систем и направена е миграција на податоците од стариот во новиот Централен систем. Новиот Централен систем е конфигуриран да работи во режим на нови лични документи и направено е завршно интегрирано тестирање на сите системски компоненти на новиот Централен систем, од прием на барање до издавање на личен документ. На крајот, извршено е финално тестирање за прифаќање на системот (SAT test) и изработен е План за префрлување на работењето на новиот систем во продукција (Switch over) и негова имплементација.

Во истиот контекст, значајно е да се обрне внимание и на фактот дека во фазата на преговорите со економскиот оператор се отворија голем број специфични прашања, кои наметнаа потреба од дополнителни консултации и барање на стручни мислења во однос на конкретни сегменти што ја наметна потребата од соодветно обраќање до надлежни институции. Во овој контекст, до Владата на Република Северна Македонија доставена е Информација во врска со отворени прашања поврзани со спроведување на Рамковната спогодба склучена помеѓу Министерството за внатрешни работи и Veridos GmBH за набавка и испорака на обрасци на лични документи, од што произлезе заклучок согласно кој Владата го задолжи Министерството за внатрешни работи да се обрати за мислење до надлежно експертско тело на Меѓународната цивилна организација за авијација (ICAO), за став во однос на користењето, релевантноста и значењето на коса црта „/“ при испишување на државјанството на граѓаните во патните исправи.

Воедно, при дефинирање и договарање на изгледот на специмените за обрасците за личните документи се отворија прашања во однос на преводот на одредени термини што се употребуваат во документите, на другите јазици предвидени согласно закон. Имено, паралелното донесување на Законот за употреба на јазиците наметна сериозни предизвици во процесот на усогласување на личните документи, не само во однос на бројноста на различните специмени за сите јазици предвидени во Законот, туку и од технички аспект во однос на потребата од предвидување простор во рамки на утврдените димензии на образецот, со цел доследно имплементирање на законските одредби и конкретно впишување на податоците преведени на соодветните јазици согласно закон.

Паралелно со сите постапки во рамки на процесот на промена на изгледот на новите лични документи што ги издава Министерството за внатрешни работи, што беа отпочнати набрзо по донесување на Конечната спогодба, неминовно мора да се укаже и на дополнителните предизвици условени од светската пандемија со коронавирусот. Имено, во март 2020 година, започна светската пандемија со коронавирусот, која покрај големите промени и рестрикции во начинот на живот на граѓаните во државата и во светот, предизвика значајни промени и во начинот на функционирање и работење на сите државни органи. Вонредните услови и мерките што беа на сила во правец на спречување на ширење на вирусот, не дозволуваа можност за физички средби и работни состаноци на работните тела на Министерството за внатрешни работи и економскиот оператор Veridos, што како специфичен период со вонредни мерки за функционирање во сите сфери на општеството значително влијаеше врз процесот на преговори и договарање со

економскиот оператор за набавка на обрасците за новите лични документи. Имено, во неколку периоди имаше и целосен прекин на реализацијата на Проектот за нови лични документи поради затворање на границите и аеродромите во државите, што секако имаше значајна импликација и врз овој процес, имајќи предвид дека за некои активности беше неопходно физичко присуство од страна на тимовите на Veridos Gmbh од Германија.

Во наведениот период на донесување на правната рамка како дополнителна отежителна околност од аспект на почитување на рокот за отпочнување со издавање на новите лични документи е формирањето на преодна Влада за спроведување на избори на пратеници, (периодот од јануари до август 2020 година), состојба која предизвика одложување на донесувањето на голем број закони што веќе се наоѓаа во собраниска постапка. Имено, поради наведените политички промени, беше именуван нов министер во Министерството за внатрешни работи, заедно со нов Кабинет на министерот и неколку нови раководни лица во рамки на Министерството, согласно што беше изменет и дополнет составот на Управниот комитет за имплементација на Рамковната спогодба склучена со фирмата Veridos GmbH. Од тие причини, некои одлуки на Управниот комитет во однос на набавката на новите лични документи беа дополнително или повторно разгледувани.

Во контекст на активните заложби за навремено уредување на конкретната проблематика, Министерството за внатрешни работи презеде и конкретни чекори во насока на превенирање вакуум временски период за евидирање на новото име на државата во патните исправи на граѓаните, за што се направени измени во Правилникот за обрасците на патните исправи и визи на државјаните на Република Македонија, за начинот на фотографирање за патните исправи и за водење на евиденција („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 37/19), со кои се предвиде користење на посебен штембил со новото име на државата во пасошите на граѓаните кои ја преминуваа државната граница, како преодно решение до издавањето на новите патни исправи. Имајќи ја предвид потребната временска рамка за етапно спроведување на наведените фази од процесот, согласно нивната сериозност и обемност, цениме дека датумот на почеток на издавање на новите лични документи на граѓаните претставува реален исход од наведените процеси и постапки, особено имајќи предвид дека рокот е во рамки на предвидената временска рамка за имплементирање на Конечната спогодба како меѓународен договор со кој е неопходно да се усогласи севкупното национално законодавство.

Паралелно, имајќи предвид дека подносителот на барањето се повикува на заштита на слободи и права утврдени во Уставот, предметното прашање задолжително треба да се разгледува и од аспект на заштита на човековите слободи и права, односно потребата од усогласеност на законските одредби со Уставот во делот на гарантирањето на човековите слободи и права, како и со европските и меѓународни документи што ги уредуваат овие права.

Во овој контекст, информираме дека Министерството за внатрешни работи не се апстрахира од одговорноста и обврската за усогласеност на комплетната национална правна рамка со наведениот корпус на меѓународно - правни акти од предметната проблематика, како и уставно загарантираните основни слободи и права на граѓаните признати со меѓународното право и утврдени со Уставот.

Во овие рамки, неспорна е заложбата на Министерството за внатрешни работи – како орган на државната управа согласно своите законски утврдени надлежности за непречено овозможување на овие права на човекот и граѓанинот, без никаква дискриминација заснована на: пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или какво и да е друго мислење, национално или социјално потекло, материјална положба, потекло по раѓање или друго.

Имено, со наведените законски измени, Министерството за внатрешни работи нема интенции, намера или цел, ниту се довело во позиција да одлучува за решение со кое би ги загрозило темелните уставни слободи и права на граѓаните, моралниот интегритет, достоинството и угледот на човекот кои се неприкосновени, ниту да предизвика нееднаквост, односно дискриминација меѓу луѓето врз основа на било каков критериум.

Неспорно е дека човековите права и слободи, поимно се дефинирани како основни критериуми што ја отсликуваат улогата на човекот и граѓанинот во едно општество, со целосна свесност за фактот дека колку се понапредни тие, толку повеќе се стеснува можноста за злоупотреби и арбитрарност кон правата и слободите на човекот од страна на државната власт.

Од друга страна, Министерството за внатрешни работи, како орган на државната управа и дел од извршната власт, должно е да постапува во согласност со Уставот, законите и позитивните законски прописи, во чии рамки е предвидено дека е потребно националното законодавство да биде усогласено со сите релевантни меѓународни акти.

Оттука, во периодот по усвојување на Амандманот XXXIII на Уставот, Министерството за внатрешни работи беше соочено со предизвикот на постигнување правична рамнотежа помеѓу барањата на општите интереси на заедницата преточени во формално - правни услови за нивно реализирање од една страна и барањата за заштита на основните слободи и права на граѓаните, од друга страна.

Во овие рамки, активностите на Министерството за внатрешни работи во сферата на усогласување со уставниот амандман и негова практична имплементација во рамки на утврдените надлежности на Министерството, се на линија меѓу човековите права од една страна во однос на она што формално - правно државата е обврзана да го почитува и постапува согласно уставните норми и позитивните законски прописи.

Имајќи ги предвид изнесените аргументи, одлуката по предметното барање во постапката пред Уставниот суд, претставува сериозен предизвик за надлежните институции во државата, имајќи ја предвид сериозноста на самиот процес на постигнување своевидна „праведна рамнотежа“ меѓу барањата на општиот интерес на заедницата и барањата за заштита на правото на поединецот, особено имајќи го предвид тежнеењето човековите основни права и слободи да се доведат онаму каде секоја демократска земја треба да настојува да ги постави, односно наместо истите да бидат наспроти државните интереси, напротив - истите тие да бидат дел од самите национални интереси на државата.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, во однос на Барањето за заштита на слободите и правата од Глигорие Ќатоски од Струга, доставено до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.108/2024 за заштита на слободите и правата утврдени во член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија врз основа на национална и социјална припадност, да ја има предвид одредбата од член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, каде е утврдено дека Уставниот суд на Република Северна Македонија ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

## Точка 38

1. Владата го именува Беким Емини за државен правобранител на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата го разреши Горан Трајковски од должноста вршител на должноста директор на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија и труд.

2.1 Владата го именува Влатко Стојкоски за вршител на должноста директор на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија и труд и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата ја разреши Елена Петрова од должноста вршител на должноста директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии.

3.1 Владата ја именува Елена Петрова за директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го разреши Бобан Николовски од должноста вршител на должноста директор на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии.

4.1 Владата го именува Бобан Николовски за директор на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го разреши Самир Ајдини од должноста вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, поради истек на мандатот.

5.1 Владата го именува Харис Ибраими за вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови.

6. Владата го именува Мевљан Морина за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата ја отповика Слаѓана Димова од должноста вршител на должноста управител на Друштвото фабрика за шински возила „Велес“ ДООЕЛ – Велес.

7.1 Владата го избра Стефан Амбарков за управител на Друштвото фабрика за шински возила „Велес“ ДООЕЛ – Велес.

8. Владата го разреши Гајур Рушити од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за транспорт, орган во состав на Министерството за транспорт.

8.1 Владата го именува Иљир Рамадани за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за транспорт, орган во состав на Министерството за транспорт и и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија.

10. Владата го именува Салко Куч за национален координатор за меѓуетничка и меѓуресорска соработка, а функцијата ќе започне да ја врши сметано од 1 ноември 2024 година и истовремено му утврди коефициент за утврдување на плата.

11. Владата за претседател и членови на Националниот совет за културно наследство ги именува:

а) за претседател:

Зоран Љутков, министер за култура и туризам, претседател по службена должност.

б) за членови:

- д-р Сашо Цветковски, историчар на уметноста – МАНУ;
- проф. д-р Елизабета Димитрова, историчар на уметноста – Филозофски факултет;
- проф. д-р Драги Митрески, археолог;
- диа. м-р Мирка Илиоска, советник конзерватор;

- Тања Паскали Бунташеска, архитект, советник конзерватор, НУ Завод за заштита на споменициите на културата и Музеј – Охрид;
- м-р Ивона Опетческа – Татарчевски, виш соработник за фолклорни добра, Управа за заштита на културното наследство;
- д-р Јехона Спахију Јанчевска, историчар на уметноста, советник конзерватор, НУ Национален конзерваторски центар – Скопје;
- м-р Јане Клековски, советник кустос, НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија;
- проф. д-р Владимир Јаневски, Оддел за етнокореологија, Универзитет Гоце Делчев – Штип;
- Миле Бошески, библиотекар, советник во пензија;
- Ардијан Лимани, научен соработник, доктор на историски науки, Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје.

12.Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот, ги именува:

-Радица Лазареска Геровска, на предлог од министерот за правда, од редот на административните службеници со најмалку пет години работно искуство во Министерството за правда,

-Лилјана Ѓуровска, на предлог на министерот за финансии, од редот на административните службеници со најмалку пет години работно искуство во Министерството за финансии,

-Илија Чалшев Менис, на предлог од министерот за внатрешни работи, од редот на административните службеници со најмалку пет години работно искуство во Министерството за внатрешни работи,

-Минир Жута, на предлог на директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија, од редот на царинските службеници со најмалку пет години работно искуство во Царинската управа.

12.1 Со денот на конституирањето на Управниот одбор, им престанува мандатот на претседателот и на членовите на постојниот Управен одбор и тоа на претседателот:Даниела Настова Пиштолова и членовите Илјаз Синаноски, Мујо Машовиќ, Мируше Бислими Дестани и Фатима Салифоска.

13.Владата за членови на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ – П.О Скопје за контрола на материјално – финансиско работење, ги именува:

-Елена Стојкоска
-Александра Аврамоска
-Мемет Мехмеди.

14. Владата за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје, ги именува:

-Гоце Трајчевски
-Ивана Ристиќ – Петровски
-Јасмин Калач.

14.1 Владата на досегашните вршители на должност членови на Надзорниот одбор за контрола на за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје, Гоце Трајчевски, Зоран Тошиќ и Јасмин Калач, им утврди престанок на мандатот.

15. Владата за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип, ги именува:

-Христина Ѓоргиева
-Деспина Китановска Трајковска
-Дарко Герасимовски

15.1 Владата на досегашните членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип Христина Ѓоргиева, Деспина Китановска Трајковска и Анџела Доневски Тодосиева, им утврди престанок на мандатот.

16. Владата за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ – Велес, ги именува

-Силвана Трајчева
-Љубица Мишкова
-Аница Попов

16.1 Владата на досегашните членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ – Велес, Аница Попов, Александар Ѓорѓиевски и Силвана Трајчева им утврди престанок на мандатот.

17. Владата за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие „Стрежево“ – Битола, ги именува

-Благица Талевска
-Александар Ковачевски
-Јулија Дамчевска

17.1 Владата на досегашните членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие„Стрежево“ – Битола, Благица Талевска, Биљана Јовановска и Јулија Дамчевска им утврди престанок на мандатот.

18.Владата за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие за државни патишта ги именува

-Жанета Делова
-Дејан Михајлов
-Ѓилѓис Сулејмани

18.1 Владата на досегашните членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие за државни патишта Дејан Михајлов и Жанета Делова, им утврди престанок на мандатот.

19. Владата за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о. ги именува:

-Елена Маневска Јовановска
-Беќшат Бакији
-Надица Младенова.

19.1 Владата на досегашните членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о. Беќшат Бакији, Надица Младенова и Елена Маневска Јовановска им утврди престанок на мандатот.

20. Владата за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие Колекторски систем ги именува:

-Весна Лекоска
-Тони Ивановски
-Катерина Петреска Ристески.

20.1 Владата на досегашните членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие Колекторски систем, Катерина Петреска Ристески, Весна Лекоска и Тони Ивановски им утврди престанок на мандатот.

21. Владата за членови на Одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија ги именува:

-Бранко Момироски
-Мартина Богданова

-Зоран Ѓоргиев
-Шенур Османи
-Беким Алити.

21.1. Владата на досегашните членови на Одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Мартина Богданова, Бранко Момироски, Зоран Ѓоргиев, Беким Алити и Шенур Османи
им утврди престанок на мандатот.

22. Владата за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро берза – Скопје, ги именува:

-Мариела Христова
-Драгана Јаковлевска Станоевски
-Иван Андов.

22.1. Владата на досегашните членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро берза – Скопје, Ивона Богдан, Иван Андов и Мариела Христова им утврди престанок на мандатот.

23. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., ги именува:

-Тони Петревски
-Александар Стојанов
-Кенан Абди
-Маја Додевска Пешевска
-Ивица Јорданов
-Оркам Исмани.

23.1. Владата на досегашните членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., Александар Стојанов, Тони Петревски, Кенан Абди, Маја Додевска Пешевска, Ивица Јорданов, Емри Ибрахими и Оркам Исмани им утврди престанок на мандатот.

24. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, ги именува:

-Роберто Тошевски
-Сашо Мојсовски
-Александар Маџаров
-Даниел Крстески
-Небојша Захариески.

24.1. Владата на досегашните членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, Јован Симевски, Александар Маџаров, Голубина Арсовска, Роберто Тошевски, Небојша Захариески, Сашо Мојсовски и Елена Стојкоска, им утврди престанок на мандатот.

25. Владата за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје ги именува:

-Вене Тасев
- Маријана Пешевски
- Ардиан Џика.

25.1 Владата на досегашните членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје Маријана Пешевски, Ардиан Џика и Даниел Крстески, им утврди престанок на мандатот.

26. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"-П.О. Скопје, ги именува:

-Мирослав Видоески
-Зоран Дончев
-Слаѓана Бошковска
-Елизабета Манушева Апостоловски
-Ефтим Орцев.

26.1. Владата на досегашните членови на Управниот одбор на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"-П.О. Скопје, Зоран Дончев, Ефтим Орцев, Слаѓана Бошковска, Маја Крстеска, Мирослав Видоески, Александар Мијоски и Елизабета Манушева Апостоловски, им утврди престанок на мандатот.

27. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта– Скопје, ги именува:

-Горан Ковчегарски
-Александар Антовски
-Ленче Груевска
-Звезда Сиљаноска
-Стојче Кречев
-Амир Дураку
-Џемиљ Сали.

27.1. Владата на досегашните членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта– Скопје, Џемиљ Сали, Амир Дураку, Ленче Груевска, Звезда Сиљаноска, Горан Ковчегарски, Александар Антовски и Стојче Кречев, им утврди престанок на мандатот.

28. Владата за членови на Управниот одбор во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица" – Пробиштип, ги именува:

-Тони Саздов
-Мише Милановски
-Анџела Доневска Тодосиева
-Бранка Бошкова
-Катерина Досева
-Александар Николовски
-Моника Арсова Ефремовска.

28.1. Владата на досегашните членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица" – Пробиштип, Бранка Бошкова, Мише Милановски, Александар Николовски, Тони Саздов, Катерина Досева, Валентина Давиткова и Панче Стаматовски, им утврди престанок на мандатот.

29. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче" – Велес, ги именува:

-Благој Папазов
-Кире Богоевски
-Златко Крлев
-Насер Исмаили
-Владимир Вељанов
-Бојан Смилески
-Бејтула Јакупи.

29.1 Владата на досегашните членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче" – Велес, Златко Крлев, Розета Марковска Ристова, Бојан Смилески, Владимир Вељанов и Кире Богоевски, им утврди престанок на мандатот.

30. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“ – Битола ги именува:

- Александар Петровски
-Александар Велјановски
-Анета Стефановска
-Биљана Јовановска
-Никола Маркоски
-Ѓорги Ѓоргиевски
-Садетин Имероски.

30.1 Владата на досегашните членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“ – Битола Ѓорги Ѓоргиевски, Николче Котевски, Александар Петровски, Александар Велјановски, Анета Стефановска, Садетин Имероски и Тони Алушовски, им утврди престанок на мандатот.

31. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје ги именува:

- Драган Христов
- Александар Дончевски
- Ѓоко Стојчевски
- Симона Кокаровска
- Драгана Чолкова
- Азиз Авди
- Ајдоган Демири.

31.1 Владата на досегашните членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје Александар Дончевски, Ѓоко Стојчевски, Симона Кокаровска, Драгана Чолкова, Соња Бојковска, Азиз Авди и Ајдоган Демири, им утврди престанок на мандатот.

32. Владата за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје ги именува:

-Аритиа Мајнова
- Христијан Ристов
- Митко Ангелкоски.

32.1 Владата на досегашните членови на на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје Аритиа Мајнова, Бобан Давковски и Митко Ангелкоски, им утврди престанок на мандатот.

33. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта ги именува:

- Дарко Спироски
- Наташа Јовановска
- Ирена Здравеска Спасеска
- Ристо Николоски
- Димитар Манчев

33.1 Владата на досегашните членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта Димитар Манчев, Томе Стојанов, Јован Трпевски, д-р Стефан Волкановски, Ристо Николоски, Дарко Спироски и Наташа Јовановска, им утврди престанок на мандатот.

34. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем ги именува:

- Татјана Димоска
- Катерина Стојаноска

- Благој Наковски
- Ирена Протугер
- Татјана Трпческа
- Деан Котевски
- Марјан Пејовски.

34.1 Владата на досегашните членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем Татјана Димоска, Катерина Стојаноска, Благој Наковски, Ирена Протугер, Татјана Трпческа, Деан Котевски и Марјан Пејовски, им утврди престанок на мандатот.

35. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – Берза - Скопје ги именува:

- Стојанче Антовски
- Тања Јовчевска
- Миљазим Рушани.

35.1 Владата на досегашните членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – Берза – Скопје Тања Јовчевска, Стојанче Антовски, Миљазим Рушани, Сенад Мемет и Никола Бујулкиев, им утврди престанок на мандатот.

36. Владата за членови на Управниот одбор – од редот на афирмирани и стручни лица на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија ги именува:

- Дритан Амеди
- Лидија Аврамоска
- Радица Лазарова – Ќурчинска
- Стефани Најденовска Димовска.

36.1 Владата на досегашните членови на Управниот одбор – од редот на афирмирани и стручни лица на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија Дритан Амеди, Лидија Аврамоска, Радица Лазарова – Ќурчинска и Стефани Најденовска Димовска, им утврди престанок на мандатот.

37. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за избор на претседател и 1 (еден) професионално ангажиран член со полно работно време во Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување.

* * *

Поради техничка грешка, направена е исправка во Одлуката, бр.14-10883/1 од 29 октомври 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.227/24), така што во насловот на Одлуката по зборовите „избор на“ се додаваат зборовите „вршител на должноста“ и во точка 1 од Одлуката по зборот „За“ се додаваат зборовите „вршител на должноста“.

## Точка 39

**1.** Владата го задолжи Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да подготви и до Владата да достави листа на институции кои немаат избрано снабдувач за електрична енергија и користат електрична енергија за снабдување во краен случај.

**2.** Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, проф. д-р Христијан Мицкоски, ги информираше членовите на Владата, дека на 18-ти ноември во Приштина ќе се одржи меѓувладина седница со Владата на Република Косово.

Истовремено, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, проф. д-р Христијан Мицкоски, информираше дека во наредниот период ќе се одржи и меѓувладина седница со Владата на Република Србија, на датум кој дополнително ќе се утврди.

**3.** Владата, по повод повторното укажувањето на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, а во врска со Барањето од градоначалникот на Општина Македонски Брод, за отстапување на извесен соодветен гаражен простор кој го користи Дирекцијата за заштита и спасување, погоден за гаражирање на новото противпожарно возило на Општина Македонски Брод, заклучи:

- Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување да ја разгледа можноста за привремено отстапување на соодветниот гаражен простор на Општина Македонски Брод и за таа цел до Владата да достави соодветен предлог.

**4.** Владата заклучи Министерството за економија и труд да достави Предлог на закон за трговските друштва, во кој да биде содржано законско нормирање на холдингот во Република Северна Македонија.

**5.** Владата ја разгледа Информацијата во врска со работата на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија во однос на доставување на барања за давање на стручни мислења, ја усвои и заклучи сите институции доследно да го применуваат член 68 став 1 точка 9 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, односно до Секретаријатот за законодавство да не се доставуваат материјали за мислење, за кои согласно член 40 од Законот за Владата на Република Македонија не се во негова надлежност, а се изнесени во Информацијата која е доставена во прилог.

**6.** Владата по повод информирањето од секретарот на Секретаријатот за законодавство во врска со приходите кои одредени институции ги остваруваат од вршењето на својата дејност, а кои не се уплаќаат во Буџетот на Република Северна Македонија, заклучи надлежните министерства да подготват соодветни изменувања на законите во кои се содржани вакви одредби.

**7.** Владата на предлог на м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања ги задолжи Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерството за животна средина и просторно планирање, да формираат работни групи кои ќе направат анализа на обврските во врска со воспоставувањето на системот за следење, известување и верификација и акредитација (MRVA) на стакленички гасови во Република Северна Македонија, согласно обврските кои произлегуваат од Реформската агенда и ЕУ Регулативата (2023/956) за механизмот за гранично јаглеродно прилагодување (CBAM) и за истото да ја информираат Владата.

Истовремено, Владата го задолжи министерот за европски прашања да направи анализа во врска со обврските кои ги имаат министерствата, а се поврзани со Планот за раст (Реформската агенда), со цел истата, наредната недела да се разгледа на тематска седница на Владата.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за реализираните активности за времено згрижените лица и создадените можности за самостојно домување (за период од 1.1.2023 до 31.12.2023 година), како материјал за информирање.

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за тековен предмет пред Европскиот суд за човекови права во случајот Никола Груевски против Република Северна Македонија, Апликација бр. 15902/21, како материјал за информирање.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на извештај од спроведената функционална анализа во Министерството за локална самоуправа, со Извештај од спроведената функционална анализа во Министерството за локална самоуправа, како материјал за информирање.

## Точка 43

Владата го одложи од разгледување Шестмесечниот извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јули – декември 2023 година, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот за обезбеди мислење од Министерството за транспорт.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

Точка 44

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам во 2023 година, како материјал за информирање.

Точка 45

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти за 2023 година, како материјал за информирање.

Точка 46

Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на гаражно паркинг место (паркинг место бр.90).

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на гаражно паркинг место наменето за продажба (паркинг место бр.90).

Точка 47

Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (ул.„Лука Геров“ бр.50/4-17 – Скопје).

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (ул.„Лука Геров“ бр.50/4-17 – Скопје).

Точка 48

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (ул. „Фрањо Клуз“ бр.3 - стан бр.1).

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (ул. „Фрањо Клуз“ бр.3 - стан бр.1).

Точка 49

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба.

## Точка 50

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на гаражно паркинг место (паркинг место бр.89).

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на гаражно паркинг место наменето за продажба (паркинг место бр.89).

## Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на втор дел од заемот од Програмата за обновливи извори на енергија на АД ЕСМ – Енергетска транзиција во износ од 55 милиони евра, за потребите на Компонента II: проект - Фотоволтаична електроцентрала (ФЕ) Битола 2 со инсталирана моќност од најмалку 50MW во кругот на РЕК Битола и финансиски средства со кои би се обезбедило дополнително финансирање на Компонента III: проект - Парк на ветерни електрани Богданци - фаза II и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје веднаш да постапи согласно одредбите од Законот за јавен долг и да ја започне постапката за добивање на согласност за задолжување со државна гаранција, за заемот во износ до 55.000.000 евра кој Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија" во државна сопственост, Скопје има намера да го обезбеди од Кредитната банка за обнова -КфВ за финансирање на Компонента II: Фотоволтаична електроцентрала (ФЕ) Битола 2 и Компонента III: Ветерен парк Богданци фаза II од Програмата за обновливи извори на енергија на АД ЕСМ – Енергетска транзиција.

2. Се укажува на Акционерското друштво за прозиводство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје по добивањето на согласноста за задолжување со државна гаранција, наведена во заклучокот бр. 1, во соработка со Министерството за финансии да ги започнат преговорите со Кредитната банка за обнова- КфВ за склучување на договорите за заемот обезбеден со државна гаранција, наведен во заклучокот бр. 1.

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на седница на Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажана за 4 ноември 2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Заклучоците од оваа информација да се доставаат до овластеното лице, кое согласно член 392 од Законот за трговските друштва, има својство на полномошник со полномошно во својство на јавна исправа и претставник на акциите на Владата на Република Северна Македонија во Друштвото, како упатство за начинот на

гласање на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 4 ноември 2024 година.
2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да го извести Тутунски комбинат АД Прилеп за назначениот полномошник на Владата на Република Северна Македонија на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 4 ноември 2024 година.
3. Го одобри начинот на гласање на Собранието од страна на својот преставник, по наведените точки од дневниот ред и тоа:

ДНЕВЕН РЕД:
Процедурален дел
1. Избор на работни тела на Собранието
a) Верификациона комисија од 3 члена
- По оваа точка од Друштвото е доставена Предлог-одлука за избор на верификациона комисија. За оваа точка се гласа „ЗА".
б) 1 бројач на гласови
- По оваа точка од Друштвото е доставена Предлог - одлука за избор на бројач на гласови. За оваа точка се гласа „ЗА".
2. Избор на претседавач на Собрание на акционери
- По оваа точка е доставена Предлог-одлука за избор на претседавач на Собрание. За оваа точка се гласа „ЗА".

Работен дел:
Точка 1
1. Предлог-одлука за отповикување на членот на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп, Зоран Пачешкоски (извршен член)/Да се гласа „ЗА".
2. Предлог-одлука за отповикување на членот на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп, Гоце Котески (извршен член)/ Да се гласа „ЗА".
3. Предлог-одлука за отповикување на членот на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп, Горан Тодоров (извршен член)/ Да се гласа „ЗА".
4. Предлог-одлука за отповикување на членот на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп, Сретен Богоевски (неизвршен член)/ Да се гласа „ЗА".
5. Предлог-одлука за отповикување на членот на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп,Златко Сарев (неизвршен член)/ Да се гласа „ЗА".
6. Предлог-одлука за отповикување на членот на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп, Миле Велковски (неизвршен независен член)/ Да се гласа „ЗА".
7. Предлог-одлука за отповикување на членот на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп, Милаим Амеди (неизвршен член)/ Да се гласа „ЗА".
Точка 2
- Избор на нови членови на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп и
- Избор на неизвршни независни членови на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп.

Доколку се исполнети условите од Законот за трговските друштва, да се гласа „ЗА".

**Точка 53**

Владата го разгледа Предлогот на буџет на Република Северна Македонија за 2025 година и го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат буџетските корисници и единките корисници при склучување на колективните договори, да ги имаат предвид одобрените буџетски средства и да не преземаат обврски за кои немаат обезбедено средства во буџетот за тековната година и утврдените максимални износи на расходи на среден рок.

2. Се задолжуваат јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост при склучување на колективните договори претходно да побараат мислење од Министерството за финансии.

3. Се задолжуваат буџетските корисници при имплементација на буџетот да не преземаат обврски над обезбедените средства со буџетот за соодветната фискална година.

4. Се задолжуваат буџетските корисници и единките корисници кои остваруваат приходи од самофинансирачки активности и имаат неискористени средства во форма на салда на сметки, тековното работење наместо со буџетски средства да го финансираат со користење на средства од сопствените сметки. Дополнително, се задолжуваат буџетските корисници и единките корисници континуирано да спроведуваат активности за наплата на сопствените приходи и доколку е потребно да направат соодветни законски измени со кои ќе се овозможи сопствените приходи на единките корисници да се користат и за тековното работење на буџетскиот корисник кој им е надлежен.

5. Се задолжуваат сите субјекти согласно Законот за пријавување и евиденција на обврски да ги почитуваат обврските за навремено пријавување на доспеани, а неплатени обврски согласно законските рокови.

6. На општините, јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост им се препорачува да ги консолидираат финансиите, односно да преземаат активности за зголемена наплата на сопствените приходи и намалување на помалку продуктивните трошоци.

7. Им се укажува на оние јавни претпријатија и трговски друштва во државна сопственост на кои државата преку буџетот им обезбедува средства за исплата на обврски по основ на задолжувања (активирани гаранции), сукцесивно за исплатените гаранции да ги вратат и уплатат средствата во Буџетот на Република Северна Македонија по основ на извршените исплати.

8. Се задолжуваат буџетските корисници кои не доставиле до Министерството за финансии распределба на наменски и блок дотации по општини согласно буџетираните средства, истото да го сторат веднаш. Истовремено се задолжува Министерството за одбрана да ја преиспита доставената распределба на наменските дотации за пожарникарите, имајќи предвид дека за одредени општини со помал број на жители распределени се повеќе средства во споредба со општините со поголем број на жители.

9. Се задолжуваат буџетските корисници кои се надлежни за подготовка на законите со кои се уредува работењето на инспекторатите да направат соодветни законски измени до крајот на годината во насока на тоа инспекторатите да не бидат буџетски корисници од прва линија и да бидат органи во состав на министерствата согласно измените и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24).

10. Се задолжува Министерството за финансии до второ читање на Буџетот за 2025 година да утврди начин за одлив на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година во износ од 200 милиони евра кои ќе се префрлат на Развојната Банка на Северна Македонија на принцип на позајмица, а ќе бидат наменети за кредитирање на приватни компании, согласно претходно утврдени услови и критериуми.

11. Средствата планирани во раздел 15001-Министерство за социјална политика, демографија и млади, Потпрограма 50-Надоместоци за социјална заштита, Ставка 464 – Разни трансфери во износ од 242.264.000 денари кои се наменети за исплати кон заштитни друштва по основ на поврат на платени придонеси, да се прераспределат во Раздел 10001 – Министерство за економија и труд, во соодветна Потпрограма.

12. Средствата планирани во Раздел 09002-Министерство за финансии - функции на државата, Потпограма 20 - Функции, Расходна ставка 464 - Разни трансфери во износ 1.476.000.000 денари да се прераспределат во Раздел 04001 - Влада на Република Северна Македонија, во соодветна потптрограма, а во врска со донесената ПРЕСУДА за арбитражен предмет под број 24112/ГР поведен од ЕЛ.ПЕТ. БАЛКАНИКИ, СОСИЕТЕ АНОНИМ ПЕТРОЛЕУМ против Република Северна Македонија.
13. Се задолжува Министерството за образование и наука до Министерството за финансии да достави износ на задолжување за новиот проект по потрограма и ставки, а со цел нивно планирање доколку има реални услови за реализација на проектот.

14. Пречистениот текст на Предлогот на буџет на Република Северна Македонија за 2025 година да се достави до Собранието, согласно член 189 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска Стрезовски, државен советник во Министерството за финансии и Тања Трипунова, државен советник во Министерството за финансии.

Истовремено, Владата заклучи:

- Од средствата планирани за поддршка на медиуми, износ од 50.000.000 денари да се прераспределат во Министерството за европски прашања, за соодветнни намени;

- Се задолжуваат Министерството за економија и труд и други државни институции да одржат состанок, со цел да утврдат план, средствата за поддршка на индустријата, малите и средни претпријатија и други видови слични активни мерки и субвенции кои Владата ги дава, а кои во моменот се дисперзирани во повеќе државни институции, во иднина да бидат централизирани во буџетот на една или неколку државни институции;

- Се задолжува Министерството за финансии во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, да предвиди дополнителни 1.000.000 денари во Секретаријатот за законодавство;

- Се задолжува Министерството за финансии во Буџетот на Министерството за спорт за 2025 година да предвиди дополнителни средства (за реновирање) во износ од 3.000.000 денари;

- Се задолжува Министерството за финансии со прераспределба на средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, во Министерството за дигитална трансформација да предвиди средства во износ од 80.000.000 денари што треба да се исплатат на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија;

-Се задолжува Министерството за дигитална трансформација дополнителните средства за реализација на К6 Програмата, Реформа на јавна администрација, ставки 480 и 485, да ги предвиди и обезбеди со прераспределба на средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година;

- Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да одржи состанок со Министерството за финансии, Министерството за култура и туризам и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, на кој ќе се разгледаат можностите во иднина средствата за капитални инвестиции од Министерството за култура и туризам да се префрлат во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија;

-за Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да се обезбедат 200.000.000 денари што им недостасуваат, а во овие рамки да се планираат 32,2 милиони денари за Акционерско друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост.

**Точка 54**

Владата го разгледа Предлогот на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Во членот 45 од Предлогот на закон да се предвидат капитални субвенции и за јавните претпријатија.

2. Во текстот на Предлогот на закон да се предвиди одредба за исплата на додаток на плата за специфичност на работа и работни задачи и за зголемен обем на работа.

3. Пречистениот текст на Предлогот на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:10 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**